СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
„ТАКИ ДАСКАЛО“ - БИТОЛА
„Димитар Илиевски Мурато“ 37
7000 Битола
Република Северна Македонија

тел: + 389 47 235 788
факс: + 389 47 220 192
takidaskalo@gmail.com
www.takidaskalo.edu.mk

# НАЦРТ – ИЗВЕШТАЈ

## ОД САМОЕВАЛВАЦИЈА НА СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ - БИТОЛА ЗА УЧЕБНАТА 2019/2020 И 2020/2021 ГОДИНА

**Карактеристики на училиштето**

СОУ “Таки Даскало“ Битола е средно општинско училиште во кое наставата се изведува на македонски наставен јазик, во гимназиско образование, природно-математичко (А и Б), општествено-хуманистичко (А и Б) и јазично-уметничко (А и Б), билингвална паралелка македонско-англиска и стручно образование со следните струки: сообраќајна струка (четиригодишно образование – техничар за патен сообраќај, техничар за транспорт и шпедиција, техничар за логистика во сообраќајот и техничар за логистика и осигурување), геолошко-рударска и металуршка струка (четиригодишно образование – геолошко-рударски техничар), рударска струка (тригодишно образование – ракувач со рударски машини), текстилно-кожарска струка (четиригодишно образование – техничар за дизајн на облека, техничар за изработка на облека), графичка струка (четиригодишно образование – графички техничар, графички уредник - дизајнер), графичка струка (тригодишно образование – печатар и изработувач на визуелни апликации), градежно-геодетска струка (четиригодишно образование – градежен техничар и архитектонски техничар), угостителско-туристичка струка, хотелско-туристички техничар, лични услуги, техничар за козметичка нега и убавина и сообраќајна струка – специјалистичко образование (V степен – возач-инструктор).

СОУ “Таки Даскало“ Битола започна со работа 1984 година, а е формирано со одлука на Собранието на Општината Битола бр. 08/425/1 од 27.01.1984 година, со трансформација – здружување на Гимназијата “Браќа Миладиновци“ – Битола и училиштето за занимања на ученици во стопанството “Кочо Рацин“ – Битола. Со решение на Собранието на Општината Битола на 4.11.1985 година го добило името “Таки Даскало“. Сместено е во централниот дел на градот, лесно пристапно за учениците, родителите и другите заинтересирани посетители. Наставата се одвива во два објекти меѓусебно поврзани со затворен премин.

Во училиштето се вработени вкупно **119** лица, од кои **89** лица се наставен кадар. Покрај постојниот кадар одредени часови дополнуваат професори од други воспитно-образовни установи.

Самоевалвацијата за работата на СОУ “Таки Даскало“ Битола е направена за учебната 2019/2020 и 2020/2021 година.

Деталниот нацрт-извештај за спроведената самоевалвација е даден по подрачја.

| Ред бр. | Констатации | Извори на податоци |
|---|---|---|
| | | |
| **1.1. Реализација на наставните планови и програми** | | |
| 1 | Наставните планови и програми кои се применуваат во СОУ „Таки Даскало“ – Битола се во согласност со донесените програмски документи од МОН, БРО и ЦСОО. | Преглед на наставните планови и програми од БРО и ЦСОО (поставени на соодветните веб страни)<br>Преглед на планирањата на наставниците по наставни предмети и извештај за прегледот од тимот за самоевалвација и од педагошко-<br>психолошката служба |
| 2 | Учениците и родителите редовно се информираат за наставните планови и програми што се реализираат во училиштето.<br>Спроведената анкета укажува дека најголем дел од учениците информации за целите на наставните планови и програми добиваат на часовите од предметните наставници (68% од испитаниците), помал дел на класен час (31%), а само 1% истакнале дека не се информирани, додека информации веќе не се добиваат од веб страната на училиштето која не е во фунција.<br>Наставниците за целите на наставните планови и програми ги информираат учениците уште на првите часови од наставните предмети, а класните раководители уште на првите родителски средби ги информираат родителите за наставниот план и целите на наставните програми.<br><br>Од спроведената анкета се констатира дека 74% од анкетираните родители се изјасниле дека се информирани за наставните програми и учебните помагала кои ги користат учениците, а 26 % одговориле дека се | Анкетен прашалник за ученици за реализација на наставните планови и програми и обработената анкета.<br><br>Преглед на планирањата на наставниците<br><br>Анкетен прашалник за испитување на мислењето на родителите и наставниците за наставните планови<br>и програми и обработената анкета. |

| | | |
|---|---|---|
| | делумно информирани. | |
| 3 | Дел од наставниците, особено од стручното образование, учествувале во изработка на наставни програми и дале голем придонес со нивните иницијативи за нивно изменување и дополнување. | Анкета за учеството на наставниците од СОУ „Таки Даскало“ – Битола во изработка на наставни програми и извештај за спроведената анкета |
| 4 | Родителите не се вклучени во активности и иницијативи за измени и дополнувања на наставните планови и програми, додека 48% од наставниците се изјасниле дека соработуваат со стручни лица во организациите од локалната заедница, за изработка, дополнување и изменување на наставните планови и програми.<br>Учениците, пак, на прашањето дали имале прилика да дадат мислење за потребата од измени и дополнувања на наставните програми по одреден наставен предмет во 48 % одговориле со да. | Анкетен прашалник за наставници за интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>Анкетен прашалник (за ученици) за реализација на наставните планови и програми и обработената анкета. |
| 5 | Во училиштето сите наставници кои предаваат во паралелки во кои има деца со посебни потреби имаат изработено индивидуални планирања по сите наставни предмети за деца со посебни образовни потреби, а поголем дел од наставниците изработуваат и тестови прилагодени на можностите на овие деца. Педагошко-психолошката служба има програма и процедура за работа со овие деца и организира индивидуални средби со учениците и родителите на децата со посебни потреби за што се води ученичко досие и пополнува формулари за проценка, а редовно одржува и состаноци со образовните асистенти за што пишува извештаи.<br>Во училиштето фунционира и Училишен инклузивен тим кој има значаен придонес во овој контекст. | Годишна програма за работа на педагошко-психолошката служба<br>Документација (ученичко досие и сл.) (во педагошко-психолошката служба)<br>Програма за деца со посебни потреби<br>Програма за работа на Училишниот инклузивен тим и Извештаи од работата на Инклузивниот тим<br>Извештаи од состаноци со образовните асистенти |

| | | |
|---|---|---|
| 6 | Постојат добри примери за интегрирање на особеностите на локалната средина во наставните програми пред сè во оние за практичната настава, но и во другите предмети, особено во стручното образование.<br>Од спроведената анкета за интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала се заклучува дека од анкетираните наставници 50% одговориле дека во наставните програми применуваат воспитно-образовни содржини според потребите на локалната заедница, а 47,5% дека делумно применуваат. Исто така, 52% од анкетираните наставници забележале дека соработуваат со стручни лица во организациите од локалната заедница во насока на поквалитетно исполнување на поставените образовни и воспитни цели, 20,5% наведиле дека не соработуваат, додека делумна соработка имаат 27,5% од наставниците. | Извештај за имплементирање на особеностите на локалната средина во наставните програми<br>Анкетен прашалник за наставниците за интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>Извештај за обработката на анкетата<br>Договори и меморандуми за соработка (кај помошниците директори) |
| 7 | Во рамки на наставните предмети наставниците планираат и реализираат меѓупредметни цели како редовна активност во реализацијата на наставните часови, но и при објавувањето и/или презентирањето на стручни трудови во педагошките списанија и зборници на трудови од земјата и странство.<br><br>Годишните и тематските планирања на наставниците прикажуваат дека наставниците имаат практика редовно да вградуваат меѓупредметни цели. | Објавени трудови од наставници во „Воспитни крстопати“ и во зборници на трудови од конференции и симпозиуми во земјата и странство (професионално досие на наставниците во педагошко-<br>психолошката служба)<br>Преглед на планирањата на наставниците и извештај од тимот за прегледот |
| 8 | Училиштето има изработена процедура за избор на предмети во гимназиското и стручното образование според која на учениците им се нудат повеќе од три изборни предмети и доследно се почитуваат нивните потреби и барања | Процедура за избор на предмети (кај помошниците директори) |

| | | |
|---|---|---|
| 9 | Училиштето има план за реализација на слободни часови/ проектни активности и истиот успешно го спроведува | Годишна програма за реализација на слободни часови и проектни активности (во педагошко-психолошката служба) |
| 10 | Училиштето во својата Годишна програма за работа има вклучено приоритети и цели за интеграција на еколошки содржини во својата работа. Во истата има наведено еко-одбор и именувани се неговите членови. Во акциските планови на училиштето и посебниот план (точка 6.9 од програмата) кои се во согласност со потребите за развој на стручните активи и изработени врз согледувањата добиени од самоевалвацијата и кон реализација на поставените приоритети и цели, вклучено е реализирање на еко активности за подигнување на еколошката свест кај учениците и наставниците, а во рамки на еко-проектот на училиштето со активности кои опфаќаат точки на акција од четирите еко-стандарди – Заштеда на енергија, Заштеда на вода, Одржување на училишната зграда и Уреден и еколошки училишен двор.<br>Програмата содржи и Еколошки календар заради одбележување на значајни датуми преку акции во и надвор од училиштето, во соработка со локалната заедница и невладините организации. | Годишна програма за работа на училиштето<br><br>Годишен извештај на СОУ „Таки Даскало“ – Битола<br><br>Извештај за Еко проектот |
| 11 | Најголем дел од наставниците планираат и реализираат дополнителна и додатна настава почитувајќи ги потребите и можностите на учениците<br><br>Во делот на подготовка на учениците за испитите од Државната матура, Училишната матура и Завршниот испит, дел од наставниците спроведуваа додатна консултативна, подготвителна и инструктивна настава со учениците од завршните класови. Информации за полагањето на испитите од матурата класните раководители им даваа на учениците во текот на класните часови во месец ноември, март, април и мај, но и на нивните родители за време на родителските средби во текот на целата учебна година особено во месеците ноември, април и мај. | Планирања на наставниците и Извештај од ПП службата<br><br>Преглед на планирањата и извештај од тимот за прегледот<br><br>Дневници за работа на паралелките од завршните класови<br><br>Примероци од годишно планирање за класен час и за родителски средби |

| | | |
|---|---|---|
| 12 | Наставниците од училиштето доставуваат еко-анекси кон своите годишни и тематски планирања во кои се наведени наставните содржини кои вклучуваат теми од еколошката програма и погоре наведените еко-стандарди<br>Наставниците во своите планирања додаваат анекси меѓуетничка интеграција, за безбедни училишта. | Еко-анекси на наставниците<br>(во педагошко-психолошката служба) |
| | | |
| **1.2. Квалитет на наставните планови и програми** | | **Извори на податоци** |
| 13 | Дел од наставниците учествуваат во реализација на мултикултурни проекти и имаат вметнато содржини од аспект на родова и етничка рамноправност и мултикултурно општество во своите наставни програми особено во општообразовните предмети (Граѓанско образование, Социологија, Мир и толеранција, Вовед во право, Македонски јазик и литература, Графички дизајн, Етика, Филозофија, Психологија, Логика, Практична настава за графичка струка и др.)<br>75% од родителите сметаат дека во наставните програми има содржини кои ги обработуваат различните култури на етничките заедници, а 80% дека има наставни содржини кои ги обработуваат различните родови карактеристики (културни, психолошки и социјални), додека 100% сметаат дека наставните содржини придонесуваат за подобрување на заедничкото живеење. | Годишен извештај на СОУ „Таки Даскало“ – Битола<br>Прилози од спроведени проекти – копии од дипломи, фотографии и сл. (професионални досиеја на наставниците)<br><br>Анкета за испитување на мислењето на родителите и наставниците за наставните планови и програми и извештајот од анкетата |
| 14 | исто како во точка 5 од делот 1.1. Реализација на наставните планови и програми | |
| 15 | исто како во точка 6 од делот 1.1. Реализација на наставните планови и програми | |
| 16 | исто како во точка 3 од делот 1.1. Реализација на наставните планови и програми | |

| | | |
|---|---|---|
| 17 | Во реализацијата на активностите од еко-програмата на училиштето покрај наставниците, учениците и останатиот персонал од училиштето, активно учествуваат и родителите, претставници од Општината, локалната заедница, бизнис секторот, НВО, медиумите, разни организации и сл.<br>Дополнително, СОУ „Таки Даскало“ е вклучено и во меѓународни проекти од Erasmus+ програмата кои се однесуваат на еколошки аспекти на наставата и одржливото живеење.<br>Во Годишната програма за работа на училиштето застапени се содржини и документи кои јасно го покажуваат интегрирањето на еколошките содржини во истата Во Годишната програма за работа на училиштето. спроведувањето на активностите од еко-проектот е ставено во редот на приоритетите на училиштето како приоритет – Еко-училиште. | Годишна програма за работа на СОУ „Таки Даскало“ – Битола<br><br>Годишен извештај на СОУ „Таки Даскало“ – Битола<br><br>Документација од Erasmus+ и другите проекти од областа на екологијата |
| | | |
| **1.3. Воннаставни активности** | | |
| 18 | Училиштето има изработен преглед на воннаставни активности по стручни активи кој ги одразува потребите и интересите на учениците и служи за поддршка на нивниот личен и социјален развој. Во Годишната програма за работа на училиштето, во делот Акциски планови (точка 6.7 – Инклузија и интеграција на сите ученици), предвидени е вклучување на учениците во различни активности.<br>Големата застапеност, разновидноста и успешноста во спроведувањето на воннаставните активности исто така се потврдува и со годишните планирања и извештаите за реализираните активности на одговорните наставници за воннаставни активности. | Годишна програма за работа на СОУ „Таки Даскало“ – Битола<br><br>Годишни програми за работа на воннаставните активности и<br>Извештаи на одговорните наставници (во педагошко-психолошката служба) |
| 19 | Голем дел од учениците се вклучени во воннаставни активности без оглед на нивниот пол, етничка припадност и социјално потекло. Спроведената анкета покажа дека 66% од учениците активно биле вклучени во воннаставни активности (дури и потенцираа свои достигнувања во рамки на истите), а искажаа огромен интерес за членство и во низа наведени активности во анкетата. | Анкета за воннаставни активности на учениците<br>Извештај од анкетата |

| | | |
|---|---|---|
| 20 | Наставниците одговорни за воннаставните активности во месец септември ги информираат учениците за можностите кои истите ги нудат, потоа учениците по сопствен избор се вклучуваат во некоја од овие и активно учествуваат во изработката на програмата за работа со свои предлози.<br>Во текот на целата учебна година наградните конкурси, натпреварите, проектите и сличните активности кои во писмена форма пристигнуваат во училиштето се истакнуваат на огласна табла или се читаат како соопштенија по паралелките со што на учениците им се дава можност по сопствена желба да се вклучат во некоја од активностите и да добијат поддршка од предметниот наставник и училиштето. | Годишни програми за работа на воннаставните активности<br><br>Архива на училиштето, соопштенија,<br>Извештаи од ПП службата за учество на конкурси и натпревари и за освоени награди и признанија и<br>извештаи од одговорните наставници за воннаставни активности |
| 21 | Учениците редовно учествуваат на натпревари, конкурси, проекти, разни манифестации и сл. на локално, републичко и меѓународно ниво со целосна поддршка од наставниците и Училиштето и постигнуваат видни резултати.<br>Училиштето посветува внимание во афирмацијата на воннаставните активности: се поставуваат информации на Фејсбук страната на училиштето, се снимаат видео материјали и истите се презентираат на локалните медиуми, се објавуваат прилози во весници, се организираат изложби, модни ревии, мултимедијални проекти, гостувања на локални и национални телевизии и др. Училиштето издава училишно списание “Грст“, во кое се промовираат активностите на учениците и наставниците, творби од учениците.<br>Функционира веб-страната на училиштето и фејбук страната на училиштето | Извештаи за освоени награди и признанија<br>Извештаи за учество на натпревари и освоени награди од предметните наставници<br><br>Фејсбук страна на училиштето<br>Веб-страната на училиштето<br>Документација од реализирани проекти |
| 22 | Со заеднички ангажман на учениците и наставниците беше изработен акциски план за работа на Еко-центар за млади кој резултираше со мноштво реализирани активности со еколошка содржина, а со активно вклучување на учениците беа подготвени и реализирани и бројни активности во рамки на меѓународните проекти од Erasmus+ програмата. | Годишен извештај на СОУ „Таки Даскало“ – Битола |

| | | |
|---|---|---|
| 23 | Во СОУ „Таки Даскало“ посветено се работи на подигање на еколошката свест кај учениците, наставниците и поширокатa заедница. Врз основа на предлозите дадени од учениците, стручните активи и секциите од училиштето, беа реализирани огромен број на еколошки проекти, активности и точки на акции од четирите воспоставени еко-стандарди. | Годишен извештај на СОУ „Таки Даскало“ – Битола<br><br>Документација од реализирани проекти |
| 24 | Учениците беа стожерот на секоја од активностите во рамки на еко-активностите. Тие беа носители на низа активности, беа во улога на организатори, водители на разни настани, помошници-обучувачи на ученици од основни училишта, дизјнери на творби од рециклиран материјал и сл.<br>Покрај многу реализирани часови од страна на наставниците со интегрирани еколошки содржини, наставниците заедно со учениците и претставниците од локалната и поширокатa заедница, согласно еко-стандардите, реализираа бројни работилници, предавања, промотивни активности во медиумите, акции за уредување на училишната зграда и училишниот двор, за засадување на цвеќиња, хуманитарни акции и сл. заради подигање на еколошката свест и градење на еко-култура за одржување на здрава животна средина и одговорност кон истата. | Годишен извештај на СОУ „Таки Даскало“ – Битола |

| Силни страни и слабости на СОУ „Таки Даскало“ – Битола во подрачјето<br>Наставни планови и програми |
|---|
| **СИЛНИ СТРАНИ** |
| ✓ наставен кадар кој успешно ги спроведува предвидените наставни планови и програми во согласност со донесените програмски документи од МОН, БРО и ЦСОО,<br>✓ наставен кадар со искуство од изработка и ревидирање на наставни планови и програми,<br>✓ наставен кадар кој континуирани професионално се усовршува (пораст на бројот на магистри и доктори на науки меѓу наставниците, учества на наставниците на симпозиуми, конгреси, проекти, обуки и работилници за професионално усовршување од локален, регионален, републички и меѓународен карактер, објавување на стручни трудови во педагошката литература во земјата и во странство, размена на искуства во рамки на Erasmus+ проекти и сл.),<br>✓ наставниците успешно вградуваат меѓупредметни цели во наставните предмети,<br>✓ соработка со НВО и локалната заедница,<br>✓ успешно интегрирање на еколошката програма во реализацијата на редовната настава и воннаставните активности,<br>✓ унапредено планирање на наставата со деца со посебни потреби и функционирање на Училишниот инклузивен тим.<br>✓ Формиран е тим за промовирање на активностите и достигнувањата на учениците, наставниците и училиштето (училиштето има веб-страна и фејсбук страна, се издава училишен весник “Грст“, медиумска промоција во печатени и електронски медиуми) |
| **СЛАБОСТИ** |
| ✓ недоволна вклученост на родителите во давањето на мислења за унапредување на наставните планови и програми,<br>✓ отсуство на обуки за планирање на наставата и оценување на деца со посебни потреби,<br>✓ поголемо вклучување на децата со посебни потреби во воннаставните активности,<br>✓ недоволна вклученост на родителите во реализацијата на наставните програми, како и во воннаставните активности,<br>✓ недоволно организирано афирмирање на учениците, наставниците и училиштето воопшто за постигнатите резултати во поширокаата локална средина,<br>✓ намалување на воннаставните активности кои активно функционираат. |

| **ПРИОРИТЕТИ од подрачјето кои можат да бидат вклучени во развојниот план на училиштето** |
| --- |
| • обуки за наставниците за изработка на наставни планирања и оценување на работата со деца со посебни потреби,<br>• плански пристап кон унапредување на квалитетот на планирањата на наставниците, а со тоа и на квалитетот на наставата и успешноста и реномето на училиштето |

| Ред бр. | Констатации | Извори на податоци |
|---|---|---|
| | | |
| **2.1. Постигања на учениците** | | |
| 1. | Класните раководители доставуваат податоци за успехот на учениците од различен пол, етничка припадност по наставни предмети по класификациони периоди. Врз основа на доставените извештаи од класните раководители стручната служба изготвува анализа на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност по наставни предмети и класификациони периоди. Од извршените анализи се предлагаат мерки за подобрување на успехот кај учениците по наставни предмети.<br><br>Со анализите од добиените податоци и предлог-мерките за подобрување на успехот на учениците се запознаваат наставниците на седници на Наставнички совет.<br><br>Како конкретни мерки за подобување на успехот на сите ученици наведени се следните:<br>- користење на активни форми и методи во наставата и ИКТ технологија каде има можност за тоа<br>- организирање на дополнителна, додатна и консултативна настава со учениците;<br>- состаноци за советодавна работа со ученици и со родители;<br>- спроведување обуки, предавања и работилници за методи и техники за успешно учење<br>- спроведување на обуки за работа со деца со посебни потреби<br>- формирање на Училишен тим за инклузија и посебни инклузивни тимови за ученици со ПОП<br>- обезбедување на образовни асистенти за сите деца со посебни образовни потреби | Преглед на постигањата на учениците по пол, етничка припадност по наставни предмети од класни раководители;<br>Извештаи за преглед на постигањата на учениците по пол, етничка припадност по наставни предмети од Психолошко-педагошката служба;<br>Записници од седници на Наставнички совет со дневен ред извештај за успехот и поведението на учениците по класификациони периоди<br>Извештаи за примена на активни методи и форми на настава и ИКТ во наставата<br>Извештаи за посета на часови |

| | | |
|---|---|---|
| | - работилници и обуки што се спроведуваат во рамките на Еразмус проектите<br>- студиски посети во странство во рамките на Еразмус проектите за размена на искуства и добри практики<br>- учество на меѓународни конференции за унапредување на процесот на настава<br>- реализација на проект од грант програмата на МОН “Проект за развој на вештини и поддршка на иновации“ Мерка 2. „Испраќање на ученици во компании“ (графичка струка) во соработка со МОН и Мегасофт<br>- Реализација на проектот „ Бастион“ “Развој на меките вештини и социјалните компетенции на наставниците за тимско решавање на проблеми“ во соработка со БАС преку грант програмата на МОН “Проект за развој на вештини и поддршка на иновации“ – мерка 3<br>- Реализација на проектот “Воспоставување на курсеви со решавање на проблеми за зајакнување на меките вештини кај учениците и наставниците“, мерка 3 во соработка со грант програмата на МОН<br>- континуирана интензивна соработка со локалната заедница и учество во заеднички проекти и активности<br>- Менторска работа на стручните соработници, професорите по македонски јазик и англиски јазик со студенти од Педагошкиот факултет и од Меѓународниот славјански универзитет Факултет за психологија и менторска и туторска работа со ученици Роми<br>- осовременување на практичната настава во четиригодишното стручно образование преку реформирано стручно образование преку ЦСООО<br>- опремување на кабинетот на градежно-геодетската струка со современа опрема и софистициран софтвер<br>- опремување на графичкиот кабинет со опрема за изведување на практична настава и производство<br>-афирмација на волонтеризмот меѓу младите како можност за размена на искуства и поттикнување на хуманизмот меѓу младите | Извештаи за реализација на додатна и дополнителна настава<br>Дневници за работа со ученици и родители (во Психолошко-педагошка служба)<br>Годишен извештај за работа на училиштето 2019/20, 2020/21<br>Извештаи за реализирани активност од координаторите на проектите Гордана Јордева, Весна Јовановска, Марија Младеновска-Димитровска, Александар Трајковски, Кики Младенова, Даниела Митревска<br>Извештаи за реализирани активности по стручни активи и воннаставни активности<br>Извештај за работа на Волонтерскиот клуб |
| 2 | Училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици можат да се подобрат. | Анализа на успехот на учениците по пол и етничка припадност по наставни |

| | | |
|---|---|---|
| | Како предлози за подобрување на успехот постои процедура за подобрување на успехот според која :<br>• Континуирано се следи успехот на учениците по пол, етничка припадност по наставни предмети по класификациони периоди;<br>• Постојат процедури и акциони планови за поддршка на учениците со посебни потреби, ученици со потешкотии во учењето, за надарени ученици и процедура за подобрување на редовноста на учениците;<br>• Постои програма и извештаи за работа на Училишниот инклузивен тим за следење на напредувањето на децата со ПОП<br>• Извештаи за работата и ангажманот на ангажираните образовни асистенти преку проектот "Општинско-корисна работа", која се реализира со Општина Битола и УНДП<br>• Се испитуваат причините за ниски резултати во учењето помеѓу учениците со прашалник за подобрување на успехот и се планираат активности за нивно надминување;<br>• Во испитувањето се вклучени **100** ученици од сите години на образование;<br>• Од анализата на истражувањето може да се констатира дека како причини за пониски резултати во учењето се следните:<br>-Недоволно посветено време на учење. Од вкупниот број на испитаници, **52.28%** учат најмногу по еден час дневно, а поголем дел од времето го поминуваат во дружење или во забава преку компјутер.<br>-Испитаните ученици се самокритични во поглед на постигнувањата и **73.2%** сметаат дека успехот во учењето зависи исклучиво од нивното знаење, додека **26.8%** сметаат дека врз успехот влијаат материјалниот и социјалниот статус на учениците и познанствата со наставникот.<br>-Поголемиот дел од испитаниците односно **91,30%** се на мислење дека наставниците доволно се залагаат за да им пренесат знаење.<br>-Кога се работи за дополнителна и додатна настав, постои поделеност помеѓу учениците за потребата од посетување на дополнителни часови. Како проблем учениците го наведуваат и распоредот на часови, превозот на учениците | предмети по класификациони периоди;<br>Анализа на успехот на учениците по пол и етничка припадност по класификациони периоди;<br>Процедури и акциони планови за поддршка на учениците со потешкотии во учењето, надарени ученици и ученици со посебни потреби,<br>Програма и извештаи за работа на Училишниот инклузивен тим<br>Извештаи за работата на образовните асистенти во проектот "Општинско-корисна работа", Марија Младеновска-Димитровска, координатор<br>Анкетен прашалник за учениците за испитување на причините за пониски постигнувања<br>Анализа на причините за пониски постигнувања во учењето<br>Предлози за подобрување на успехот на Наставнички совет;<br>Записници од Наставнички совет со дневен ред: |

| | | |
|---|---|---|
| | -Учениците од прва година на образование ја налагаат потребата за дополнителна настава, додека учениците од четврта година сметаат дека не им е потребна дополнителна настава, а поголемиот дел од испитаниците сметаат дека дополнителна настава и помош при совладување на материјалот им е потребна по предметите математика, странски јазик и македонски јазик<br>-Од анкетираните ученици **32%** сметаат дека би било добро кога би им помагал соученик во процесот на учење.<br>- Квалитетот на учебниците особено во стручното образование и недостаток на учебници и учебни помагала.<br>- Немање на компјутери и интернет конекција во училниците за истражувачки проекти кои учениците треба да ги реализираат во наставниот процес<br>- Учениците реагираат на обемноста и застареноста на некои наставни програми, реагираат дека наставните програми не соодветствуваат на потребите на новото време<br>При анализирање на постигањето на учениците можеме да констатираме дека имаме подобрување во постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава – додатна настава за што зборуваат големиот број награди и признанија освоени од учениците од различни години на образование и на различни нивоа почнувајќи од меѓуучилишни, општински, регионални, државни и меѓународни натпревари. И покрај ваквиот успех на учениците веруваме дека истиот би бил подобар и учениците би биле помотивирани доколку сето тоа е поткрепено со соодветен финансиски надоместок, затоа што во многу наврати менторите и учениците сами ги покриваа трошоците за учество на натпревари.<br>Навремено се изготвени планирања за организирање на дополнителна настава по сите наставни предмети.<br>Информации за целите и времето на организирање на дополнителната настава учениците најчесто ги добиваат од предметните наставници и класните раководители.<br>Родителите на учениците се запознаваат со можноста и потребите на учениците да посетуваат дополнителна настава и додатна настава. | разгледување на успехот и поведението на учениците<br>Планирања за организирање на дополнителна настава по сите наставни предмети<br>Записници од родителски состаноци.<br>Педагошка евиденција во дневник за работа од организирани работилници<br>- Извештаи за освоени награди и признанија<br><br>- Извештаи од дополнителна и додатна евидентирани во дневникот за работа на паралелката |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | Училиштето има систем за идентификување на учениците кои би имале потешкотии при учењето, учениците со посебни потреби и надарените ученици и тоа со испитување на интелектуалните способности на учениците од прва година на образование со помош на ТРЛ тест ( тест на резонирање на ликови).<br>Стручната служба подготвува листи на ученици за кои се претпоставува дека би имале потешкотии во учењето, ученици со посебни потреби или би биле надарени за некоја специфична област.<br>Стручната служба континуирано го следи успехот и поведението на учениците со потешкотии во учењето, учениците со посебни потреби или учениците кои би биле надарени за некоја специфична област.<br><br>Стручните соработници и класните раководители водат разговори со идентификуваните ученици и нивните родители со цел подобро запознавање со природата на проблемот на ученикот или неговата надареност. | Извештај од постигнати резултати од испитувањето со ТРЛ тест на способности (Психолошко-педагошка служба)<br>Листа на ученици од прва год. на образование со ниски постигнувања на ТРЛ (за кои се претпоставува дека би имале потешкотии при учењето и листа на ученици со посебни потреби)<br>Листа на ученици со натпросечни способности на ТРЛ од прва год. на образование за кои се претпоставува дека би биле надарени за некоја специфична област.<br>Дневник за следење на успехот на учениците по класификациони периоди.<br>Записници од состаноци со родители во Психолошко педагошката служба или во дневниците за работа на класните раководители. |
| 4 | Наставниците им обезбедуваат поддршка на учениците со тешкотии во учењето, учениците со посебни потреби и на надарените ученици, применувајќи активна настава т.е. избирајќи активности според нивните можности и истите ги прилагодуваа тестовите за учениците со посебни потреби. | Записници од набљудувања на часови од стручната служба. |

| | | |
|---|---|---|
| | Наставниците во текот на учебната година организираат дополнителна настава за учениците кои имаат потешкотии при изучување на одредени предмети и додатна настава за ученици кои покажуваат значителни резултати во одредена област. | Прилог – тестови со различни тежински нивоа и тестови за деца со посебни потреби.<br>Евиденција за дополнителна и додатна настава во дневникот за работа на паралелката. |
| 5 | Континуирано се следат постигањата на редовните ученици при премин од еден во друг степен на образование;<br>Вонредните ученици навремено се запознаваат со процесот на учење, со наставните планови и програми и секој ученик добива листа на предмети кои треба да ги полага во годината која ја запишал. Организациско подобрување во процесот на реализација на вонредните испити.<br>При доаѓање на учениците од основно училиште кои покажуваат послаби резултати во учењето од оние што ги имале, се преземаат конкретни мерки за нивно надминување (организирање на дополнителна настава, консултации со предметни наставници, соработка со родители, соработка со педагошко – психолошката служба преку групна и индивидуална советодавна работа)<br>Со учениците се организираат и реализираат работилници и тестирања од Психолошко-педагошката служба за кариерно советување и иден проефесионален развој<br>Учениците од различен пол, етничка припадност подеднакво се вклучени при реализација на еколошката програма, посебно при реализацијата на четвртиот еко стандард т.е. уреден и еколошки училишен двор. Учениците со посебни образовни потреби се вклучени во рамките на нивните можности.<br>Учениците се вклучени во реализација на еко-активности во рамките на Еразмус проектите “Биди зелен“ и “Одржливо живеење – активни граѓани“, како и во активности на Еко-проектот, Еко-клубот и Еколошката секција | Формулари за споредба на успехот на учениците при упис од:<br>-основно во I година во средно образование,<br>- од I во II година на образование<br>- од II во III година на образование<br>-од III во IV година на образование<br>Дневниците за работа на паралелките<br>Евиденција за советодавна работа во стручната служба<br>Извештај за реализација на ЕКО- проект<br>Извештај од Еразмус проекти<br>Извештај за работата на Еко-клубот и Еколошката секција |

| 2.2. Задржување/ осипување на учениците | | |
|---|---|---|
| 6. | Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците по (пол, етничка припадност и социјалното потекло)<br>Се дијагностицираа причините за отсуство од настава преку анализа на дневникот за работа на класниот раководител, водени неструктуирани интервјуа со учениците, прашалници за испитување на причините за отсуство од настава за учениците и извештаи од класните раководители и можеме да констатираме дека како најчести причини за отсуство од настава се наведуваат следните причини:<br>• отсуство поради болест (постоење на ученици со хронични заболувања упатени на болничко и домашно лекување, појава на акутни заболувања и хируршки интервенции) најприсутни се во периодот декември – февруари,<br>• потоа следуваат отсуствата на учениците оправдани од страна на родителите или ослободени од класни раководители на барања од родителите,<br>• ангажираноста на учениците во општествено-корисни активности во локалната средина, учество на спортски натпревари и културни манифестации, голем број ученици се активни спортисти во голем број спортски клубови РК Пелистер, мажи, РК Пелистер жени, КК Пелистер, ФК ОФК, ФК Пелистер,<br>• отсуства поради учества во студиски посети во странство во Еразмус проектите<br>• кај учениците од IV год. на образование имаме ослободување од настава за полагање за возачки испит и пријавување во народна одбрана, крводарителски акции<br>• отсуство за патување во странство, кај поедини ученици од ромска националност за стекнување на статус на азиланти,<br>Најголем број од неоправданите отсуства констатирано е дека се направени од следните причини:<br>• задоцнување на прв час и четврт час (по голем одмор) се провлекува во текот на цела наставна година, задоцнувањето на прв час во голем број случаи е поради превоз од приградските населби и другите градови<br>• отстранување од час поради неносење прибор за работа,<br>• отстранување од час поради некоректен однос за време на наставата, кај поедини ученици се појавува периодично. | Преглед на изостаноците на учениците (неделни, месечни, по паралелки и на ниво на година)<br>Извештаи за оправдани и неоправдани изостаноци по години на образование,<br><br>Анализа на педагошка документација по класификациони периоди<br>Извештаи од класни раководители за причините за отсуства од настава<br><br>Прашалник со учениците кои отсуствуваат од настава за причините за отсуство од настава<br>Анализа на добиените податоци и извештај од спроведеното испитување<br><br>Договори со спортски клубови<br><br>Процедура и акционен план за подобрување на редовноста |

| | | |
|---|---|---|
| | Од водените интервјуа со учениците како најчеста причина за отсуство од настава наведуваат дека претставува избегнувањето да бидат испитувани т.е. избегнување на неуспехот.<br>Училиштето има пропишана процедура и акционен план за подобрување на редовноста на учениците.<br>Училиштето навремено ги информира родителите на учениците кои отсуствуваат од настава, класниот раководител води советодавни разговори со ученикот и родителот доколку ученикот направил од 5-10 неоправдани изостаноци. Доколку ученикот продолжи со неоправдани отсуства од настава се води советодавен разговор во присуство на стручен соработник и родител со цел да се констатираат причините за отсуство, се даваат предлози за нивно отстранување или се даваат предлози за изрекување на воспитно-педагошки мерки.<br>Стручната служба навремено ги информира учениците корисници на социјална помош за можноста за добивање условен паричен надоместок доколку редовно посетуваат настава.<br>Училиштето соработува со Министерството за труд и социјална политика и Центрите за социјална работа имплементирајќи го проектот за условен паричен надоместок кој им се доделува на ученици кои немаат повеќе од 15% отсуство од настава, независно дали се оправдани или неоправдани.<br>Во учебната **2019/20** за условен паричен надоместок со право на користење на социјална помош се здобија вкупно **21** ученик. Покрај материјалната сатисфакција за семејствата како придобивка за училиштето е подобрувањето на редовноста кај учениците, посебно кај учениците од стручното образование.<br>Во учебната **2020/21** година, за условен паричен надоместок со право на користење на социјална помош се здобија вкупно **18** ученици. | Попис на акти од испратени покани за средби со родители;<br><br>Записници од состаноци со родители и ученици за водење постапка за изрекување на воспитно-педагошки мерки.<br><br>Годишен извештај за училиштето<br><br>Образец за ученици-корисници на условен паричен надоместок |
| 7. | Училиштето го следи осипувањето на учениците во текот на наставната година.<br>Класните раководители и стручната служба стапуваат во контакт со родителите и учениците, водат разговори за причините за осипувањето, а исто така предлагаат можни решенија. | Листа на ученици кои напуштиле<br><br>Записници од состаноци со родители на ученици кои го напуштиле школувањето |

| | | |
|---|---|---|
| | Во учебната **2019/20** год. училиштето го напуштиле вкупно **17** ученици или **2,82 %** од вкупниот број на ученици. Од нив **16** ученици или 2.66%, поради премин во друго училиште или преселба во странство.<br>Во учебната **2020/21** училиштето го напуштиле вкупно **15** ученици, **2.22%,** кои преминале во друго училиште или преселба во странство**,** а отстранети се 6 ученици или 0,88%. | Годишен извештај на училиштето<br>Евиденција на стручната служба за причини за осипување |
| 8. | Училиштето ја почитува постапката за премин од едно училиште во друго.<br>При премин на ученици од друго училиште, од учениците се бараат податоци за успех и поведение (свидетелства, евидентни листови и преведница).<br>Учениците кои доаѓаат од друго училиште доставуваа барање до Наставнички совет, при што барањето се разгледува и се донесува одлука со мнозинство гласови почитувајќи го мислењето на стручните активи за можноста за прием на учениците.<br>Учениците кои доаѓаа од друго училиште пополнуваат прашалник за премин од друго училиште во СОУ „ Таки Даскало“.<br>Стручната служба врши анализа на добиените податоци од прашалниците и истите ги користи во понатамошната воспитно-образовна работа со учениците.<br>При премин во друго училиште за ученикот се доставува преведница во која се евидентираат податоци за успехот и поведението на ученикот. Стручната служба врши анализа на добиените податоци од прашалниците и истите ги користи за утврдување на слабите страни во работата на Училиштето и нивно надминување.<br>Училиштето има стратегија за запишување на вонредни ученици според програмата за премин од средно образование со тригодишно траење во средно образование со четиригодишно траење.<br>Евидентно е дека од досегашните извештаи и анализи дека бројот на учениците кои го напуштаат училиштето е намален, а бројот на учениците кои доаѓаат од други училишта е зголемен. | Прашалник за ученици за утврдување на причините за премин на учениците во СОУ „ Таки Даскало“ од друго училиште<br>Анализа на резултати<br>Записници од Наставнички совет со точка од дневен ред: разгледување на барања од ученици<br>Листа на ученици кои дошле од други училишта<br>Записници од разговори со ученици и родители кои сакаа да преминат во друго училиште.<br>Прашалник за ученици за утврдување на причините за премин на учениците од СОУ „Таки Даскало“ во друго училиште<br>Анализа на резултати<br>Стратегија за запишување на вонредни ученици |

| 2.3 | **Повторување на учениците** | |
|---|---|---|
| 9. | Процент на ученици кои ја завршуваат учебната година во последните две години:<br><br>**2019/20 запишани 610, завршиле 602 или вкупно 98.69%**<br>**2020/21 запишани 684, завршиле 676 или вкупно 98.83 %**<br>Ученици кои повториле:<br>**2019/2020 – 4 ученици или 0,66 %**<br>**2020/2021 – 21 ученици или 3,11 %** | Евиденција за следење на успехот во Психолошко-педагошка служба<br><br>Годишни извештаи за работа на Училиштето |
| 10. | Во училиштето постои процедура за идентификување и анализирање на причините за повторување на учебната година<br><br>Во училиштето се преземаат мерки за намалување на бројот на ученици кои ја повторуваат годината. Се врши советување на учениците и на родителите на учениците кои имаат 3 и повеќе слаби оценки со цел подобрување на успехот. | Процедура за идентификување и анализирање на причините за повторување на учебната година;<br>Записници од советодавни разговори со ученици и родители |
| 11. | Училиштето ги запознава учениците и родителите со постапките што треба да се преземат доколку ученикот повторува (можноста за поднесување на приговор до Наставнички совет). Наставничкиот совет го разгледува приговорот и одлучува за преиначување на оценка, дополнително испитување или потврдување на успехот. Повторените ученици се запознаваат со можноста за повторен упис во истиот вид на образование. | Активности – прилог – записник од состанок со родител на ученик кој повторува. |

**Силни страни и слабости на СОУ „Таки Даскало“ – Битола во подрачјето**
**Постигања на учениците**

**СИЛНИ СТРАНИ**

- ✓ класните раководители и Психолошко-педагошката служба континуирано го следат успехот на учениците од различен пол, етничка припадност, години на образование и по наставни предмети,
- ✓ во училиштето континуирано се следи постигнувањето на учениците што редовно резултира со предлог-мерки за подобрување на успехот на учениците,
- ✓ училиштето има процедура за подобрување на успехот на учениците,

- ✓ училиштето има процедура за подобрување на редовноста на учениците,
- ✓ во училиштето редовно се спроведуваат обуки, предавања и работилници за примена на активни методи во наставата, методи и техники за успешно учење за наставниците и учениците и користење на ИКТ технологија
- ✓ во училиштето Психолошко-педагошката служба континуирано врши советодавна работа со родители и ученици,
- ✓ наставниците имаат позитивен став и веруваат дека постигнувањата на сите ученици можат да се подобрат,
- ✓ во училиштето изготвени се процедури и акциони планови за поддршка на учениците со посебни потреби со потешкотии во учењето, за надарени ученици, процедури за подобрување успехот и на редовноста на учениците,
- ✓ Педагошко-психолошката служба навремено ги идентификува учениците со потешкотии во учењето, надарените и учениците со посебни потреби,
- ✓ Формиран е Училишен инклузивен тим кој се грижи да подготовка и реализација на наставата и следење на успехот и поведението на учениците со посебни образовни потреби,
- ✓ Формирани се и посебни инклузивни тимови за секој ученик со посебни образовни потреби кои им помагаат на наставниците во подготовка на планирањата за реализација на наставата и следење на напредокот на учениците со ПОП
- ✓ Формиран е тим за подобрување на успехот на учениците, кој ги следи постигањата на учениците;
- ✓ Во училиштето се обезбедени образовни асистенти за учениците со ПОП, преку проектот за “Општинско-корисна работа“ кој го спорведува УНДП, Општина Битола и МТСП
- ✓ Училиштето континуирано го подобрува процесот на учење, со примена на активна настава, организирање на дополнителна и додатна настава,
- ✓ Учениците од различни години на образование освојуваат голем број награди на различни ниовоа: меѓуучилишни, општински, регионални, државни и меѓународни натпревари,
- ✓ поголем број наставници на учениците со потешкотии во учењето, учениците со посебни потреби и надарените ученици им обезбедуваат поддршка применувајќи активна настава, избирајќи активности според нивните можности и интереси,
- ✓ Училиштето има стратегија за упис на вонредни ученици,
- ✓ Училиштето навремено ги запознава вонредните ученици со процесот на учење, со наставните планови и програми и секој ученик добива листа на предмети кои треба да ги полага,
- ✓ Училиштето има процедура за учениците при премин од еден во друг степен на образование,
- ✓ Психолошко-педагошката служба има процедура и акционен план за следење на редовноста и успехот на учениците и запознавањето на родителите со успехот и редовноста на учениците,

- ✓ Училиштето ги вклучува учениците од различен пол и етничка припадност во реализација на активностите од еколошката програма,
- ✓ Процентот на учениците кои ја завршуваат годината е во постојан пораст,
- ✓ Училиштето има процедура при преминот на учениците од другите училишта

**СЛАБОСТИ**

- ✓ недостаток на ИКТ технологија и интернет
- ✓ недоволна заинтересираност кај сите ученици за посетеност на дополнителната настава,
- ✓ недоволна заинтересираност за соработка на родителите од ромска и албанска националност за подобрување на редовноста и успехот на учениците.
- ✓ недоволна подготвеност за соработка и индивидуална работа од страна учениците и родителите на учениците кои покажуваат слаб успех.
- ✓ недоволна подготвеност за соработка и индивидуална работа од страна на учениците и родителите кои ја повторуваат учебната година
- ✓ недоволна подготвеност и обука за изготвување на Индивидуални образовни планови за работа и оценување на учениците со ПОП

**ПРИОРИТЕТИ од подрачјето кои можат да бидат вклучени во развојниот план на училиштето**

- опремување на училниците со смарт телевизори за поквалитетно изведување на наставата и по еден компјутер во секоја училница со пристап до интернет;
- јакнење на мотивацијата за постигнување успех кај учениците, учество во воннаставни активности преку материјално-техничка поддршка за учество на натпревари,
- поврзување со Стопанската комора, Занаетчиската комора и бизнис секторот за подобрување на реализацијата на практичната настава
- изработка на Правилник за наградување на постигнувањата на учениците и наставниците во наставниот процес и воннаставните активности
- прогласување на најдобар ученик по година и генерација и најдобар наставник на годината
- организирање обуки за родители за важноста за соработка со училиштето,

- организирање на обуки за наставниците за работа со деца со ПОП и за изготвување на Индивидуални образовни планови

- зголемување на индивидуалната работа со ученици кои покажуваат слаб успех,
- зголемување на индивидуалната работа со ученици кои се запишани како повторувачи.

| Ред бр. | Констатации | Извори на податоци |
|---|---|---|
| **3.1. Учење и настава / Планирања на наставниците** | | |
| 1 | **Поддршка и следење на планирањата на наставниците**<br><br>Училиштето има унифицирани обрасци за изготвување на годишните, тематските и дневните планирања на наставниците, со јасно утврдени цели, форми и методи на настава, потребни услови за изведување на наставата итн.<br>Училиштето има изготвено обрасци за планирање на наставата за работа со деца со посебни потреби (Индивидуален образвовен план, долгорочен, среднорочен, краткорочен)<br>Училиштето во соработка со ЦСОО и МОН има изготвено обрасци за планирање на наставата во реформираното стручно тригодишно и четиригодишно образование<br>Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручната служба; | Обрасци за изготвување на годишни, тематски и дневни планирања на наставниците<br>Извештај за преглед на планирањата на наставниците (годишни, тематски, дневни) по наставни предмети и извештај за прегледот од страна на стручната служба до директорот на училиштето;<br>Обрасци за изготвување на планирања за Индивидуални образовни планови за деца со ПОП;<br>Извештај за работата на УИТ<br>Разговор со директорот на училиштето; |

| | | |
|---|---|---|
| | Планирањата на наставниците се следат од страна на директорот и од стручната служба | Преглед на наставните планови и програми од БРО и ЦСОО<br>Записници од состаноците на стручните активи<br>Записници од состаноци на Училишниот инклузивен тим со наставниците и образовните асистенти |
| 2 | **Индивидуални планирања на наставниците**<br>Сите наставници имаат изготвени годишни и тематски планирања и дневни подготовки кои ги содржат сите елементи за успешна организација и реализација на часот;<br>Наставниците кои предаваат во паралелки каде има деца со ПОП имаат изготвено индивидуални образовни планови за работа со овие ученици<br>Планирањата на наставниците содржат јасни насоки што се очекува учениците да научат (кои се очекуваните исходи од учењето), како и кога, кои се целите и методите и техниките за постигнување на целите;<br>Целите на наставата се јасно утврдени;<br>Наставниот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во планирањето;<br>Активностите на наставникот и учениците вклучувајќи ги и домашните задачи, се така планирани за ефективно да се искористи времето и на наставниците и на учениците;<br>Сите наставници планираат и реализираат дополнителна и додатна настава почитувајќи ги потребите и можностите на учениците;<br>Во делот на подготовка на учениците за испитите од Државната и Училишната матура и Завршниот испит наставниците спроведуваа додатна консултативна, подготвителна и инструктивна настава со учениците од завршните класови; | Преглед на планирањата на наставниците (годишни, тематски, дневни)<br>Извештај за преглед на планирањата на наставниците од Психолошко-педагошката служба<br><br>Преглед на планирањата на наставниците<br>Разговор со наставниците и претседателите на стручните активи.<br>Планирања на наставниците и дневниците за работа на паралелките<br><br>Дневници за работа на паралелките од завршните класови<br>Извештај за работата на УИТ<br>Извештаи од состаноци на УИТ |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | **Размена на искуства и информации при планирањето**<br><br>Голем дел од наставниците (особено од стручното образование) учествувале во изработка на наставни програми за реформирано стручно образование и дале голем придонес со нивните иницијативи за нивно изменување и дополнување;<br>Стручните активи ги разгледуваат целите и содржините на наставните програми, дискутираат за нив и даваат писмени предлози за нивно изменување и дополнување и примена на ИКТ во наставата;<br>Родителите и учениците не се вклучени во активности и иницијативи за измени и дополнувања на наставните планови и програми;<br>Во своите наставни програми наставниците планираат и реализираат меѓупредметни цели како редовна активност во реализацијата на наставните часови.<br>Од спроведената анкета на **50** наставници од училиштето, за вградувањето на меѓупредметни цели во наставните предмети, анкетираните наставници се изјасниле дека меѓупредметни цели вградуваат во просек секој од анкетираните во 3-4 теми); | Извештај за спроведена анкета на наставниците и прилози<br>Извештај за ревидирани наставни програми и прилози<br><br>Соопштение за состанок со претседателите на стручните активи, записници од состаноци и извештаи од стручните активи<br><br>Годишни и тематски планирања на наставниците<br><br>Анкета за меѓупредметни цели – формуларот и извештајот од обработката на анкетата |
| **3.2. Наставен процес** | | |
| 4. | **Наставни форми и методи**<br><br>Се користат разновидни наставни форми и методи (ИКТ во наставата се применува таму каде што има технички можности за тоа), примена на софтверски алатки за користење на мобилните телефони во процесот на настава и процес на оценување, 60% од анкетираните ученици сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и она што се учи е поврзано со секојдневието,<br>Наставните форми и методи соодветствуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење; во тој контекст 75,30% од анкетираните ученици | Преглед на планирањата на наставниците (годишни, тематски, дневни) по наставни предмети и извештај за прегледот од директорот на училиштето;<br><br>Анкетен прашалник наменет за учениците |

| | | |
|---|---|---|
| | го потврдуваат овој факт; а со тоа успешно ги развиваат индивидуалните вештини кај секој ученик и вештините за соработка;<br>Со наставните форми и методи кои наставниците ги користат се активираат сите ученици за време на часот. Ова се потврдува и со анкетниот прашалник за учениците каде 68% го потврдуваат овој факт. | Разговор со директорот и стручната служба;<br>Записници од состаноците на стручните активи;<br>Извештаи од директорот за следење на наставниот процес; |
| 5. | **Избор на задачи, активности и ресурси**<br><br>Задачите што се работат во училиште или дома се добро испланирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите, а изборот на задачи и активности (со различно ниво на сложеност) е прилагоден на индивидуалните образовни потреби на учениците. 73,7% од учениците го потврдуваат фактот дека наставниците користат различно ниво на сложеност на задачите кога се работи на час, домашна работа или задачи на тест;<br>Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на одобрени учебници и дополнителна прирачна литература. | Анкетен прашалник наменет за учениците;<br>Разговор со наставниците, родителите<br>Записници од стручните активи;<br>Преглед на тестови, писмени вежби, наставни листови<br>Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците; |
| 6. | **Интеракција меѓу наставниците и учениците**<br><br>На учениците им се овозможува да работат со сопствено темпо, **68%** од анкетираните ученици го потврдуваат фактот дека наставниците и стручната служба ги идентификуваат пречките во процесот на учење кај секој ученик и преземаат мерки за нивно отстранување;<br>Наставниците редовно ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните исходи од учењето, и тие им се јасни на сите ученици во секоја фаза на учењето.<br>Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и нивниот придонес се цени. Наставниците користат позитивни приоди да ги мотивираат учениците (преку пофалби кога е тоа соодветно). Учењето во | Анкетен прашалник наменет за учениците;<br>Разговор со наставниците, родителите,<br>Инструмент за следење и вреднување на водењето и текот на наставниот час;<br>Инструмент за следење и вреднување за воспоставување клима во паралелката;<br>Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за |

| | | |
|---|---|---|
| | училницата е активно, динамично и има работна атмосфера. **75,2%** од анкетираните ученици сметаат дека за време на часот наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат; | оценувањето на напредокот на учениците;<br>Инструмент за следење и вреднување на комуникацијата на наставникот со учениците; |
| 7. | **Приод на наставникот кон учениците**<br><br>Сите наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање. При тоа не прават разлика меѓу учениците според нивниот пол, социјалното потекло и етничката и религиска припадност. Наставниците не користат полови, етнички, религиски и други стереотипи во комуникацијата со учениците и забрануваат таквите стереотипи да ги користат учениците. 90 од анкетираните 100 ученици сметаат дека имаат право да го кажат своето мислење и тоа да биде земено предвид при решавањето проблеми и одлучувањето;<br>85 од анкетираните 100 ученици потврдуваат дека наставниците не им упатуваат критика пред други наставници или ученици; | Анкетен прашалник наменет за учениците;<br><br>Разговор со наставниците, родителите<br><br>Инструмент за следење и вреднување за воспоставување клима во паралелката; |
| 8. | **Следење на наставниот процес**<br><br>Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес и истата редовно се применува;<br>Секој наставник се посетува на час најмалку два пати во полугодие од директорот или стручната служба;<br>Постои практика на размена на искуства преку следење на работата од колеги од стручниот актив. Наодите од следењето се користат за подобрување на наставниот процес. | Извештаи од увид на часови;<br>Анкетен прашалник наменет за учениците<br>Разговор со директорот и стручната служба;<br>Записници од состаноците на стручните активи;<br>Извештаи од директорот за следење на наставниот процес; |

| | | |
|---|---|---|
| | Наставниците разменуваат искуства преку следење на работата на колегите од стручниот актив, како и размена на искуства и корелација со колеги од други стручни активи, преку организирање на отворени часови | |

| **3.3. Искуства на учениците од учењето** | | |
|---|---|---|
| 9. | **Средина за учење**<br><br>Учениците ги доживуваат училниците и другите простории во училиштето како стимулирачка и мотивирачка средина, која поттикнува интерес за учење. **68,4**% анкетирани ученици го потврдуваат овој факт;<br>Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места (во училницата и во училиштето); **80,2**% од учениците сметаат дека нивните трудови се изложуваат на видни и соодветни места во училниците/училиштето;<br>Делумно се менуваат, согласно со целите на наставата и учењето; ова го потврдуваат **70,5%** од анкетираните ученици; | Анкетен прашалник наменет за учениците<br><br>Преглед на просториите во кои се изведува наставата;<br><br>Преглед на изложените ученички трудови. |
| 10. | **Атмосфера за учење**<br><br>Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и она што се учи е поврзано со секојдневието. **68% о**д анкетираните ученици сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и она што се учи е поврзано со секојдневието;<br>За време на часот, најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. **78,2%** од учениците сметаат дека наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат; | Анкетен прашалник наменет за учениците;<br><br>Разговор со учениците;<br><br>Инструмент за следење и вреднување за воспоставување клима во паралелката; |

| | | |
|---|---|---|
| | Најголем дел од наставниците не критикуваат ученици пред други ученици или возрасни. 85 од анкетираните 100 ученици потврдуваат дека наставниците не им упатуваат критика пред други наставници или ученици;<br>Сите ученици учествуваат во активностите за време на часот. **73%** од анкетираните ученици потврдуваат дека наставниците ги активираат сите ученици за време на часот. | Инструмент за следење и вреднување на комуникацијата на наставникот со учениците; |
| 11. | **Поттикнување на учениците за преземање одговорност**<br><br>Учениците сметаат дека имаат можност да го искажат своето мислење и тоа да биде сериозно земено предвид при решавањето проблеми и одлучувањето;<br>Учениците преземаат различни одговорности во училиштето (во и вон наставата). 90 од анкетираните 100 ученици сметаат дека имаат право да го кажат своето мислење и тоа да биде земено предвид при решавањето проблеми и одлучувањето;<br>Учество на учениците во волонтерскиот клуб на училиштето, посета на Старскиот дом, Заводот за рехабилитација на деца и младинци со оштетен слух Кочо Рацин, соработка со основни и средни училишта, учество во активности на сообраќајната секција, учество на дебати, ЕКО клуб, крводарителски акции, учество во студиски посети во странство преку Еразмус проекти, учество, и др.<br>Активности на младинската заедница, преземање одговорности при организирање на ученички екскурзии, прослава на матурска вечер и сл. | Програма за работа на младинската организација;<br>Анкетен прашалник наменет за учениците;<br>Програма за работа на волонтерскиот клуб;<br>Програма за кариерен развој на учениците, разговор со Педагошко-психолошката служба;<br>Воннаставни активности на учениците, (програми, извештаи, агенди)<br><br>Програма и извештај за работата на младинската организација |
| 12. | **Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето**<br><br>Учениците сметаат дека училиштето, низ организирани форми, поттикнува, мотивира и остварува соработка меѓу учениците и возрасните во училиштето.; **70,2%** од учениците сметаат дека во училиштето низ | Анкетен прашалник наменет за учениците;<br>Програма за работа на волонтерскиот клуб; |

| | | |
|---|---|---|
| | организирани форми, се поттикнува и остварува соработка меѓу учениците и возрасните;<br><br>Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина, во рамките на секциите, волонтерскиот клуб, младинската организација, дебати, акции, еко-клуб, со натпреварувачки или волонтерски карактер. | Програма за кариерен развој на учениците, разговор со педагошко-психолошката служба;<br>Воннаставни активности на учениците, (програми, извештаи, агенди)<br>Извештај за освоени награди и признанија<br>Извештаи за учество на натпревари и освоени награди од предметните наставници (во Психолошко-педагошката служба)<br>Извештаи од работата на секциите<br>Фејсбук-страница на училиштето<br>Акционен план за промовирање на постигнувањата на СОУ „Таки Даскало“<br>Извештај на тимот за промовирање и прилози |
| **3.4 Задоволување на потребите на учениците** | | |
| 13. | **Идентификување на образовните потреби на учениците**<br><br>Наставниот кадар и стручната служба систематски ги идентификуваат образовните потреби на учениците;<br><br>Во училиштето учениците активно учествуваат во многубројни секции и други воннаставни активности, каде ги задоволуваат своите образовни потреби; има барање и потреба за организирање на други воннаставни активности<br><br>Наставниот кадар и стручната служба ги идентификуваат пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување; | Годишна програма за работа на педагошко психолошката служба;<br>Годишна програма за работа на секциите;<br>Извештај за реализирани воннаставни активности;<br>Преглед на воннаставни активности по активи;<br>Процедура за грижа на учениците со емоционални потешкотии;<br>Акционен план за грижа на ученици со емоционални потешкотии (Прилог во четврто подрачје); |

| | | |
|---|---|---|
| | | Ученичко досие за практична настава;<br>Процедура за избор на предмети во гимназиско и стручно образование; |
| 14. | **Почитување на различните потреби на учениците во наставата**<br><br>Најголем број од наставниците во процесот на поучување користат различни техники со што им даваат можност на учениците со различни стилови на учење да научат најмногу што можат;<br><br>Во оценувањето користат различни техники со што ги мотивираат учениците да учат и да го постигнат својот максимум. 85 од вкупно 100 ученици го потврдуваат фактот дека наставниците користат техники што ги мотивираат учениците да учат и да го постигнат својот максимум. | Анкетен прашалник наменет за учениците;<br>Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците;<br>Разговор со ученичката заедница, родителите, наставниците;<br>Увид во ученички досиеја;<br>Увид во евиденцијата на стручната служба;<br>Програма за работа и извештаи на ученичката заедница; |
| **3.5 Оценувањето како дел од наставата** | | |
| 15. | **Училишна политика за оценување**<br><br>Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците; | Користени инструменти за оценување (тестови на знаење, листи за проверка, бодовни листи);<br>Примери на оценети ученички трудови; |

| | | |
|---|---|---|
| | Училиштето има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик, вклучувајќи и кодекс за оценување;<br><br>Училиштето има усогласени критериуми за оценување со кои учениците и родителите се целосно запознати. На прашањето дали знаете според кои критериуми ве оценуваат наставниците 78% од анкетираните ученици одговорија дека знаат, 22% делумно знаат односно само по одредени предмети, а мал процент од учениците не знаат по критериум се оценуваат.<br>Училиштето има посебна политика за оценување на деца со посебни образовни потреби | Записници од стручни активи,<br>Анкетен прашалник наменет за ученици;<br>Разговор со родители;<br>Евиденција на наставници за остваренисредби и соработка со родители;<br>Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците; |
| 16. | **Методи и форми на оценување**<br><br>Сите наставници користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците;<br>На прашањето како ве оценуваат наставниците, 84 од вкупно 100 анкетирани ученици одговориле дека наставниците повеќе ги оценуваат комбинирано (усно и писмено), 9 ученици одговориле дека наставниците ги оценуваат усно, а 7 ученици одговорија дека наставниците се оценуваат писмено;<br>Учениците недоволно се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.); На прашањето што се однесува на вклученоста на учениците во процесот на оценување (самооценување, градење критериуми за оценување), само 33,3% од анкетираните ученици одговорија дека се вклучени во процесот на оценување, а 66,7% одговорија дека делумно се вклучени или пак не се вклучени;<br>Приодите во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобрат постигањата.<br>На прашањето по колку оценки во едно полугодие, по еден предмет добиваат учениците, најголемиот дел анкетирани ученици, односно 80% се изјаниле дека добивале повеќе оценки во текот на едно полугодие. Ако ова се | Анкетен прашалник наменет за ученици;<br><br>Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители;<br><br>Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците;<br><br>Користени инструменти за оценување (тестови на знаење, листи за проверка, бодовни листи);<br><br>Примери на оценети ученички трудови;<br><br>Записници од стручни активи, |

| | | |
|---|---|---|
| | поткрепи со фактот дека најголемиот број анкетирани ученици најчесто се испитуваат комбинирано, тогаш тоа упатува на констатација дека наставниците повеќепати ги оценуваат учениците како писмено така и усно; | |
| 17. | **Користење на информациите од оценувањето во наставата**<br><br>Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа; 85% од анкетираните потврдуваат дека оценувањето е транспарентно.<br>Дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата. Голем акцент се става на вреднување на тековните постигања на учениците и на идентификување на идните активности што ќе се применуваат во учењето и поучувањето.<br>Наставниците целосно ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата. | Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците;<br>Записници од стручни активи<br>Увид во планирањата на наставниците<br>Разговор со наставниците; |

| 3.6 Известување за напредокот на учениците | | |
|---|---|---|
| 18. | **Известување на родителите за напредокот на учениците**<br><br>Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Како резултат на тоа родителите навремено се известени за успехот и оведението на своите деца, како и препораки за подобрување на постигањата на секој ученик посебно;<br>Се користат формални и неформални средби, групни и индивидуални средби со родителите, кои се добро организирани и на кои јасно се пренесуваат информациите;<br>Родителите добиваат и пишани извештаи со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет и усни информации за личниот и социјалниот развој на детето;<br>Од родителите се бара да дадат своја повратна информација по извештајот по што се преземаат соодветни активности. | Увид во педагошка евиденција и документација;<br>Разговор со родители;<br>Евиденција на наставници за оставарени средби и соработка со родители;<br>Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците.<br>Остварени соработки со родителите, (извештај). |

**Силни страни и слабости на СОУ „Таки Даскало“ – Битола во подрачјето**
**Учење и настава**

**СИЛНИ СТРАНИ**

- ✓ Редовно и навремено планирање на наставата во согласност со поставените барања од МОН и БРО;
- ✓ Сите наставници имаат навремено изготвени годишни и тематски планирања и дневни подготовки, кои главно ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на наставата, и планирања за работа со деца со ПОП
- ✓ Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес и истата редовно се применува;
- ✓ Наставниците меѓусебе и надвор од училиштето разменуваат искуства за размена на идеи;
- ✓ Наставниците разменуваат искуства преку следење на работата на колегите од стручниот актив, како и размена на искуства и корелација со колеги од други стручни активи,
- ✓ Наставниците остваруваат соработка со други училишта од регионот и училишта од Европа за размена на искуства,
- ✓ Директорот, пом. директорите и стручната служба редовно го следат планирањето на наставата;
- ✓ Училиштето има усогласени критериуми за оценување со кои целосно ги запознава родителите и учениците;

- ✓ Родителите редовно и навремено се информирани за постигањата на учениците во наставата и нивното поведение;
- ✓ Наставниците редовно и навремено ги информираат учениците за нивните постигнувања во наставата и нивното поведение,
- ✓ Наставата во училиштето е прилагодена според потребите на учениците;
- ✓ Наставниците применуваат разновидни форми и методи во наставата, со што се овозможува извлекување максимални резултати кај секој ученик,
- ✓ Постои училишна политика на оценување, на ниво на секој стручен актив;
- ✓ Наставниците користат инструменти за оценување со што се овозможува објективно оценување и континуирано следење на напредокот на ученикот,
- ✓ Наставниците ги користат резултатите од оценувањето во наставата и нејзиното планирање;
- ✓ Атмосферата и средината за учење се доживуваат позитивно од страна на учениците;
- ✓ Воспоставена е солидна и конструктивна интеракција меѓу наставниците и учениците;
- ✓ Училиштето успешно ги поттикнува учениците да преземаат одговорност.
- ✓ Училиштето има процедури за работа со ученици со потешкотии во учењето

| **СЛАБОСТИ** |
|---|
| ✓ Поголема вклученост на учениците во процесот на оценувањето;<br>✓ Недостиг на ИКТ технологија и интернет за реализација на наставниот процес;<br>✓ Поголема вклученост на родителите и учениците во процесот на давање сугестии за наставните планови и програми; |
| **ПРИОРИТЕТИ од подрачјето кои можат да бидат вклучени во развојниот план на училиштето** |
| • Опремување на училниците со ИКТ технологија, смарт телевизори или табли и интернет |
| • Обука за видови на оценување, особено во делот на вклученост на учениците во процесот на оценување; |
| • Обука за изготвување на планирања за реализација на наставата и за оценување на постигањата на деца со посебни образовни потреби; |
| • Вклученост на родителите и учениците во активности и иницијативи за измени и дополнувања на наставните планови и програми; |

| Ред бр. | Констатации | Извори на податоци |
|---|---|---|
| **4.1. Поддршка на учениците / Севкупна грижа за учениците** | | |
| 1 | Училишниот простор е безбеден за изведување на настава.<br>- училиштето располага со новоизградени простории за изведување дополнителна, додатна настава, воннаставни активности, изборна настава, простории за работа на психолошко-педагошката служба и просторија за работа со родители,<br>Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и се стреми истите да ги реализира според планираното.<br>Учениците користат заштитна облека за време на реализација на практичната настава која се одржува во рудникот Суводол- РЕК Битола,.<br>На првите часови од практична настава стручно лице од РЕК- Битола пред учениците држи предавање за правилата и прописите на однесување за време на изведување на практична настава со посебен акцент на користењето на заштитна облека.<br>Инфраструктурата во училиштето е целосно променета и тоа:<br>• Комплетно се реновира покривната конструкција на двете училишни згради блок А и Б и на спортските сали<br>• реновирана е комплетната фасада на блок Б и направена е енергетски ефикасна фасада, со цел заштеда на енергија<br>• прозорците во блок А и блок Б се целосно заменети со ПВЦ дограма со што е обезбедено заштеда на топлинската енергија,<br>• Реновиран е кабинетот за градежно-геодетската струка со нова опрема и софтвер<br>• Опремен е кабинетот на графичката струка со нови машини и софтвер за изведување на практичната настава<br>• направена е нова училница за работа со деца со посебни образовни потреби и надарени и талентирани ученици. | Елаборат за безбедност од физички повреди во СОУ „Таки Даскало“ – Битола<br><br>Записник и извештаи од состаноци со предметни наставници по практична настава и стручни соработници, извештаи за реализација на практична настава<br><br>Увид во просторните капацитети на училиштето<br><br>Ознаки за внимавање на лизгави скали, постоење на шахти;<br><br>Процедура и програма за прва помош, правила за постапување, листа на обучен кадар. |

| | | |
|---|---|---|
| | • Опремена е училница со смарт табла<br>• Започнати се проекти за комплетно реновирање на спортските сали,<br>• Започнат е проект за уредување на спортските терени и училишниот двор<br>• променета е дограмата со нова пвц дограма, бојадисани и опремени со спортска опрема и помагала кои се неопходни за изведување на наставата по спорт и спортски активности,<br>• Реновирани се соблекувалните, поплочени се со плочки,<br>• Реновирани се кабинетите за професорите по спорт и спортски активности,<br>• Опремен и реновиран е целосно кабинет по англиски јазик<br>• Опремен е кабинет по физика<br>• адаптиран е простор за архивата<br>• адаптиран е простор за работа на Педагошко-психолошката служба во блок А<br>• реновирана е просторијата за работа на психолошко-педагошката служба во блок Б<br>• подовите во ходниците направени се од материјал кој лесно може да се дезинфицира.<br>• училишните скали во блок А и Б се лизгави и истите се обележани, учениците да внимаваат при слегување и качување.<br>• Направен е паркинг простор за вработените во училиштето<br>• Направени се пристапни патеки во училишниот двор<br>• Обележани се и шахтите во училишниот двор и покрај тоа што истите не претставуваат никаква опасност за учениците,<br>Во училиштето има обучен кадар за давање прва помош при несреќни случаи и врши обука на класните раководители и наставниците по практична настава за давање на прва помош.<br>Училиштето е обележано со светлосни сигнали за движење во случај на елементарна непогода и има интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди. Изведена е симулација за постапување во случај на елементарна непогода со наставниот кадар и сите останати субјекти вклучени во образовната дејност. | Извештај од спроведена обука за давање прва помош.<br><br>План за заштита и спасување<br><br>Извештај за спроведена симулација на елементарна непогода<br><br>Прилог од проектна задача |

| | | |
|---|---|---|
| | Во рамките на проектните задачи се упатуваат учениците на изработка на теми за заштита од елементарни непогоди. | |
| 2 | Училиштето има пишан документ за превенција од психичко и физичко насилство врз учениците, со посебен акцент на сексуално насилство помеѓу учениците и од страна на возрасните.<br>Водичот за превенција од насилство истакнат е на места достапни за сите ученици, вработените и родителите. Во водичот се истакнува дека најстрого се забранува секаков вид насилство, вработените ја знаат својата улога и одговорноста во процесот на заштита на учениците.<br>Педагошко-психолошката служба редовно одржува предавања и работилници за превенција од насилство, а формиран е и тим за превенција од насилство и тим за безбедни училишта<br>Учениците ги знаат своите права, Декларацијата за правата на децата јавно е истакната.<br>Доколку имаме ученици – жртви на меѓусебно насилство или имаме насилство од страна на вработените врз учениците има пропишана процедура за постапување, се врши посредување помеѓу ученикот жртва и лицето со насилничко однесување, се соработува со семејството, се запознаваат родителите и жртвите со своите права и процедурите за поднесување на поплаки, доколку има потреба се соработува и со Центарот за социјална работа, јавниот правобранител и се постапува според Законот за средно образование. | Политика и процедура за превенција од насилство<br>Извештаи од реализирани предавања и работилници на стручната служба<br>Процедура за почитување на правата на децата<br>Декларација за правата на децата<br>Записници од посредување при ученички конфликти<br>во стручната служба |
| 3 | Училиштето води политика за забрана на пушење конзумирање на алкохол, конзумирање и дистрибуција на наркотични средства. На првите класни часови учениците се запознаваат со куќниот ред на училиштето во кој се наведува дека се забранува пушење во училишниот двор и во просториите на училиштето, не е дозволено внесување на алкохолни пијалоци и доаѓање во училиште под дејство на алкохолизирана состојба, не е дозволено користење на наркотични средства и доаѓање под нивно дејство.<br>Училиштето во соработка со локалната заедница презема активности за превенција од алкохол, цигари и дрога, превенција од насилство. Во активностите на | Куќен ред на училиштето<br>Правилник за однесување и правила на училишен ред<br>Процедура за превенција од насилство<br>Процедура за превенција<br>од конзумирање алкохол, дрога и цигари, насилство |

| | | |
|---|---|---|
| | здравствената организација и волонтерскиот клуб организирани се работилници на тема: превенција од алоупотреба на психоактивни супстанци.<br>Организирани се бројни работилници за превенција од врсничко насилство од страна на стручната служба, но и во соработка со МВР . Исто така стручната служба редовно одржува предавања и работилници за превенцина од злоупотреба на психоактивни супстанци<br>Спроведено е испитување на присутноста на алкохолот и цигарите помеѓу учениците и добиени се следните резултати:<br>- 2/3 од учениците имаат пробано алкохол, Учениците од трета година на образование во поголем процент 80,2% се изјасниле дека имаат пробано алкохол, за разлика од учениците од прва година од кои 58.3% се изјасниле потврдно. Факт кој не треба да се занемари, а кој се потврди со ова испитување е фактот дека се пониско се поместува возрасната граница кога првпат се пробува алкохол и тоа кај најголемиот број ученици е 14 – 15 години.<br>Училиштето има процедура за регистрирање и постапување при појава на алкохол и наркотични средства во Училиштето и постапува според истата. | Работилници за превенција од алкохол, цигари, дрога, насилство<br>Прашалник и анализа за присутноста на алкохолот и цигарите помеѓу учениците<br>Процедура за регистрирање и постапување при појава на алкохол и наркотични средства<br>Упатство за изрекување на воспитно-педагошки мерки<br>Извештаи од стручната служба |
| 4 | Училиштето презема мерки за храната која им се нуди на учениците, на дивите продавачи им се укажува дека не смеат да продаваат храна во кругот на училиштето. Доколку има нивно присуство, се интервенира истите да го напуштат училишниот двор.<br>Во Училиштето се одржуваат предавања за важноста на здравата исхрана за развојот на личноста и тоа во рамките на наставата по биологија и при реализацијата на проектните активности од култура за здраво живеење, со што се поттикнува кампања за здрава исхрана меѓу учениците. Во соработка со Центарот за јавно здравство се одржуваат предавања и работилници со учениците и се дели пропаганден материјал за важноста на здравата исхрана во превеницја од болести. | Интервју со пом. директор<br><br>Извештаи од реализирани активности – стручна служба<br><br>Летоци |

| | | |
|---|---|---|
| 5 | Во училиштето има процедура за грижа на ученици со телесни пречки во развојот. На учениците им е овозможено непречено да ја посетуваат наставата.<br>Како механизам за поттикнување на соучениците за давање помош и и водење грижа за овие ученици, наши ученици земаат учество во разни активности по повод одбележувањето на Денот на хендикепираните, Денот на лицата со попреченост<br>Пристапот во училиштето е прилагоден на потребите за движење, има простор во ходниците и училницата меѓутоа нема посебни тоалети за овие ученици. | Процедура за грижа на ученици со телесни пречки во развојот<br><br>Извештаи од реализирани активности во соработка со локалната заедница |
| 6. | Училиштето нема пропишана процедура за обезбедување на материјални средства за ученици кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат настават под исти услови како другите учениците, меѓутоа училиштето соработува со Центар за социјална работа, Црвен крст за обезбедување на материјални средства, храна, облека за ученици од социјално загрозени семејства. Училиштето е вклучено во проектот за Условен паричен надоместок за ученици од социјално загрозени семејства. Учениците вклучени во проектот добија паричен надоместок кој им се исплаќа на три рати.<br>Во училиштето се организираат хуманитарни активности со цел обезбедување средства или облека за оние на кои им е неопходна помош. | Образец 9<br>Извештај од работата на волонтерскиот клуб<br>Извештај од соработка со Црвен крст<br>Извештај за ученици корисници на УПН |
| **4.2. Здравје** | | |
| 7. | 1.Тоалетите за наставниците и учениците се чистат и дезинфицираат редовно во текот на денот, согласно ковид протоколите.<br>2. Редовно се поставува течен сапун и средства за дезинфекција<br>3. Поставени се корпи и ознаки за правилно користење на тоалетите и одржување на хигиената во истите. | Информативен разговор со техничкиот персонал.<br>Чек-листа за проверка на хигиената од страна на Еко патролата. |
| 8. | 1. Скалите, ходниците и подот од фискултурната сала се чистат три пати во денот.<br>2. Подот и мебелот во училниците се чистат пред секоја смена.<br>3. Училниците се проветруваат пред секоја смена и после секој час.<br>4. Клупите се чистат на секој класен час.<br>5. Вратите, прозорците во училиштето и фискултурната сала редовно се чистат во секое полугодие, вклучувајќи го и денот на екологијата. | Информативен разговор со техничкиот персонал, наставниците по спорт и спортски активности, со учениците и класните раководители. |

| | | |
|---|---|---|
| | 6. Во училниците и ходниците се поставени корпи за собирање на секаков вид на отпадоци. Исто така, поставени се еко корпи за собирање на хартија во ходниците и корпи за селектирање на отпад<br>7. Во училниците и по ходниците поставени се еко постери.<br>8. Училиштето има изготвен протокол за заштита на здравјето согласно ковид протоколите поради пандемијата препорачани од Комисијата за заразни болести на Министерството за здравство<br>9.Училиштето има програма за превенција од заразни болести<br>10.Училиштето има процедура за грижа за ученици кои заради хронични заболувања или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовна настава и презема активности за нивно успешно следење на наставата. | Записници од дежурни наставници кои се доставуваат на крајот од секоја смена.<br>Програма на еколошка секција и еко тимот.<br>Записници за увид во хигиената од страна на претставници на ЗЗЗ.<br>Протокол за заштита во услови на пандемија со ковид 19<br>Програма за превенција од заразни болести.<br>Процедура и акционен план за грижа за ученици кои заради хронични заболувања или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовна настава<br>Извештај за работата на Еко-клубот |
| 9. | За време на пандемијата со ковид 19 се вршеше секојдневна комплетна дезинфекција на училиштето со дезинфекциони средства и со специјална машина за дезинфекција<br>За време на сезонски зарази се врши дезинфекција и дератизација во училиштето од страна на Центарот за јавно здравство | Записници од направените увиди на ЦЈЗ. |
| 10. | Редовно се одржува училишниот двор :<br><br>1. Поставени се транспаренти со еко-пораки за одржување на зелените површини во училишниот двор,<br>2. Редовно се коси и наводнува тревата, | Активности на еко тимот со графичката струка.<br>Информативен разговор со техничкиот персонал. |

| | | |
|---|---|---|
| | 3. Поставени се корпи за собирање на селективен отпад<br>4. Засадени се садници во училишниот двор,<br>5. Интерна контрола од еко-патролата. | Записник од интерна контрола од еко патролата.<br>Соработка со локалната заедница и претставници од комунално претпријатие.<br>Програма и извештај на еколошка секција.<br>Извештај на Еко клубот<br>Педагошка евиденција во дневниците за работа за одбележување на денот на дрвото и денот на екологијата. |
| 11. | Извршен е редовен систематски преглед на наставниците и учениците од прва и четврта година<br>Систематски преглед на учениците пред да се вклучат во училишните спортски секции. | Извештај од медицинските наоди за извршените систематски прегледи кај учениците од службата за примарна заштита за здравјето на учениците,<br>Извештај од лабораторискиот преглед на ЗЗЗ за наставниците,<br>Записници за медицинските наоди кај учениците од службата за спортска медицина. |
| 12. | 1. Организирани се работилници за запознавање на учениците за заштита од ковид 19<br>Организирани се работилници за унапредување на свеста кај учениците за значењето на здравјето<br>2. Организирани се работилници, предавања и проекти за важноста на грижата за личната хигиена на тема Хигиената половина здравје | Проекти за чиста околина на часовите по биологија,<br>Извештај од активностите на еколошката секција,<br>Педагошка евиденција за предавања за важноста на |

| | | |
|---|---|---|
| | | личната хигиена од класните раководители,<br>Педагошка евиденција за предавањата од стручните медицински лица<br>Програма на ОЗУЗ за учениците во училиштето и<br>Програма и извештај од педагошко-психолошка служба во училиштето,<br>Брошури и летоци од предавањата на стручните медицински лица. |
| 13. | 1.Континуирано се евидентира и следи движењето на сезонските заразни заболувања – ковид 19, грип и рубеола (дневно, неделно и месечно)<br>2.Организирани се предавања за пренос на вирусот на ковид 19, на грип и малите сипаници и превенција од истите заболувања, | Записници од соработката со ЗЗЗ и со центарот за примарна заштита,<br>Евидентни листови за движењето на заразната болест<br>Педагошка евиденција од страна на класните раководители. |
| 14. | Редовна имунизација на учениците од прва и четврта година | Записници од соработката со ЗЗЗ и со центарот за примарна заштита во грижата на учениците. |

| 4.3 **Советодавна помош за понатамошно образование на учениците** | | |
|---|---|---|
| 15. | Училиштето има планирани активности за кариерен развој на учениците и им обезбедува јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование и доусовршување преку организирање на презентации на високо образовните институции, на учениците им се дели промотивен материјал (летоци, посети на високо образовните институции и посета на саемот на универзитети). Им овозможува контакти по електронски пат со високо образовните институции.<br>Во Училиштето се организираат посети од страна на високообразовните институции за презентација на студиските програми пред учениците од четврта година, а поради пандемијата со ковид-19, 2020/21 он-лајн се ордежаа презентациите<br>Се организираат презентации пред учениците од трет степен и индивидуално ги запознава заинтересираните ученици за можноста за вертикална проодност ги запознава учениците од трет степен со законските оредби за премин од трет во четврт степен на образование преку полагање на 5 испити разлика до трета год. и тоа два општообразовни и три стручни и им укажува на можноста четврта година да продолжат со редовно или вонредно школување. | Програма за кариерен развој<br>( Летоци од посета на високо образовни институции)<br>Решение за донесување на испитни програми за вертикална проодност на учениците во средните стручни училишта од тригодишно во четиригодишно стручно образование,<br>Решение за определување на висината на трошоци за полагање на испити;<br>Извештаи за соработка со високообразовните институции |
| 16. | Во училиштето стручната служба им помага на учениците во оценувањето на кој вид способности им се доминантни со тест на Мултипла интелигенција, врши советување на учениците вклучени во мерењето и им посочува на кои високо образовни институции би биле најуспешни.<br>Стручната служба и одговорните наставниците во рамките на Центарот за кариерен развој на учениците организира работилници за пишување на професионална биографија, водење на интервју при барање на работа и за активно барање на работа.<br>Стручната служба во рамките на Центарот за кариерен развој на учениците организира тестирање на учениците за професионални интереси во соработка со УСАИД и и им овозможува воспоставување на повратна информација за нивните интереси и потенцијали. Им нуди на учениците листа на професии во кои би биле најуспешни. | Тест на Мултипла интелигенција, листа на ученици со постигнати резултати – стручна служба<br>Работилници евидентирани во дневници за работа на паралелката во рамките на слободни ученички активност<br>Извештај за тестирани ученции со тест за професионални интереси<br>Примерок од изработена матрица на професионални интереси |

| | | |
|---|---|---|
| | Во соработка со Агенцијата за вработување врши тестирање на професионалните интереси на учениците од четврта година на образование, организира советување за нивно соодветно насочување. | Барање до Агенција за вработување за тестирање, |
| 17. | Училиштето има процедура за откривање и грижа на учениците со емоционални проблеми и акционен план за отстанување на емоционалните потешкотии. Редовно соработува со родителите на учениците со емоционални потешкотии и по потреба соработува со здравствени институции како Медицински центар, ЦСР, Завод за ментално здравје, МВР и др. | Процедура и акционен план за грижа на ученици со емоционални потешкотии, Записници од работа со ученици со емоционални потешкотии или ученичко досие ( во Психолошко- педагошка служба) |
| 4.4. **Следење на напредокот** | | |
| 18. | Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>Наставниците водат целосна евиденција во вид на ученичко досие за постигањата на учениците, редовноста и поведението на секој ученик, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Во евиденцијата се внесени и податоци за напредокот на учениците кои се добиени како резултат на проценка направена од страна класните раководители со наставниците, стручните соработници и родителите. | Ученичко досие<br><br>Извештаи од Е-2 |
| 19. | Класните раководители редовно секое тримесечје изготвуваат за секој ученик извештаи за успехот, поведението и со постигнатите резултати ги запознаваа родителите. Податоците се доставуваат до стручната служба и се изготвуваат извештаи за успехот и поведението по класификациони периоди по пол, националност и по наставни предмети. Со успехот и поведението на учениците се запознаваат членовите на Наставничкиот совет и Советот на родители. | Записник од Совет на родители со Дневен ред, Извештај за успех и поведение на учениците по класификациони периоди Записници од Наставнички совет |

| Силни страни и слабости на СОУ „Таки Даскало“ – Битола во подрачјето<br>Поддршка на учениците |
|---|
| **СИЛНИ СТРАНИ** |
| ✓ Комплетно се реновира покривната конструкција на двете училишни згради блок А и Б и на спортските сали<br>✓ безбеден простор за изведување на настава<br>✓ реновирана е комплетната фасада на блок Б и направена е енергетски ефикасна фасада, со цел заштеда на енергија<br>✓ прозорците во блок А и блок Б се целосно заменети со ПВЦ дограма со што е обезбедено заштеда на топлинската енергија<br>✓ клупите и столчињата се целосно заменети со нови адаптирани на потребите за примена на ИКТ технологијата во училница,<br>✓ направена е нова училница за работа со деца со посебни образовни потреби и надарени и талентирани ученици<br>✓ реновиран е кабинетот за графичката струка со нова опрема и софтвер за изведување на практичната настава со учениците;<br>✓ реновиран е кабинетот за градежно-геодетската струка со нова опрема и софистициран софтвер;<br>✓ училница е опремена со смарт табла<br>✓ започнат е проект за реновирање на спортските сали,<br>✓ започнат е проект за реконструкција и уредување на спортските терени и училишниот двор<br>✓ Реновирани се кабинетите за професорите по англиски јазик, спорт и спортски активности,<br>✓ опремен е кабинет по физика<br>✓ адаптиран е простор за архивата<br>✓ адаптиран е простор за потребите на психолошко-педагошката служба во блок А<br>✓ реновирана е просторијата за работа на психолошко-педагошката служба во блок Б<br>✓ подовите во ходниците направени се од материјал кој лесно може да се дезинфицира.<br>✓ училишниот двор претставува пријатно и безбедно место за време на одморите на учениците,<br>✓ изграден е паркинг простор за вработените,<br>✓ изградени се пристапни патеки,<br>✓ обучен наставен кадар за давање прва помош,<br>✓ наставен кадар кој се грижи за правата, достоинството и приватноста на учениците, |

- ✓ постои  поддршка од сите субјекти во училиштето за превенција од алкохол, пушење и дрога, насилство меѓу учениците
- ✓ постои протокол за заштита на здравјето од ковид 19
- ✓ хигиената во училиштето е на високо ниво,
- ✓ направен е комплетен систематски преглед на вработените
- ✓ учениците со хронични заболувања или посериозни повреди ја имаат целокупната поддршка од наставниот кадар и од соучениците за нивно напредување во учењето,
- ✓ во училиштето на високо ниво е соработката со високо образовните институции и Агенцијата за вработување,
- ✓ следење на индивидуалниот напредок на учениците,
- ✓ анализа на напредокот на учениците по класификациони периоди по паралелки.
- ✓ училиштето има процедура и програма за прва помош и правила за постапувања при давање прва помош
- ✓ училиштето има процедура за регистрирање и постапување при појава на алкохол и наркотични средства во Училиштето
- ✓ училиштето има процедура за грижа на ученици со телесни пречки во развојот
  училиштето има процедура и акционен план за грижа за ученици кои заради хронични заболувања или заради посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава

**СЛАБОСТИ**

- ✓ лизгави скали во двете училишни згради
- ✓ запуштен е задниот дел од училишниот двор
- ✓ оштетени спортските терени
- ✓ застарена електрична инсталација во двете училишни згради
- ✓ немање тоалети за учениците со телесни пречки во развојот.

**ПРИОРИТЕТИ**

- ✓ комплетно уредување на училишниот двор
- ✓ уредување на спортските терени
- ✓ реновирање на скалите во блок А и Б,
- ✓ уредување на спортските сали
- ✓ смена на електричната инсалација во двете училишни згради блок А и Б
- ✓ ставање во функција на просторија за здрава храна,
- ✓ адаптирање на подрумските простории во работилници.

| Ред бр. | Констатации | Извори на податоци |
|---|---|---|
| **5.1. Училишна клима и односи во училиштето** | | |
| 1 | Училиштето се раководи од следните начела: почитување на човековите права и верското убедување, почитување на индивидуалноста, можностите и потребите на учениците, соодветност, отвореност кон практиката и врамнотеженост на курикулумите, интердисциплинарност, почитување на националниот идентитет и развој на европска димензија, разновидност на комуникацијата, формите и методите на учење.<br>Голем дел од наставниците учествуваат во реализација на мултикултурни проекти. Во наставните програми имаат вметнато содржини од аспект на родова и етничка рамноправност и мултикултурно општество, особено во општообразовните предмети (граѓанско образование, социологија, мир и толеранција, вовед во право, македонски јазик и литература, графички дизајн, етика, филозофија, психологија, логика и др.)<br>Стручната служба одржува работилници со ученици за надминување на предрасуди, стереотипи и промовирање на вредности на мултукултурализам<br>Се практикува професионално усовршување на наставниот кадар (учества на меѓународни стручни и научни конференции, објавување трудови во зборници на трудови, издавање на стручен билтен за наставниците од училиштето, објавување стручни трудови во педагошката литература во Р.Македонија, учества на наставниците на конгреси, симпозиуми, конференции, обуки, семинари и сл.), | **Извори на податоци:**<br><br>Статутот на училиштето;<br>Куќниот ред на училиштето;<br>Извештај од спроведените активности од програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем”<br>Увид на листата на учесници за реализираните еколошки проекти и акции;<br>Извештаи стручна служба за реализирани активности за мултукултурализам<br>Интервју, прашалници и анкети на учениците за степенот на нивно вклучување во еколошки проекти и акции; (прво подрачје, анкета за воннаставни активности)<br>Извештај за учества на наставниците на конференции, конгреси, семинари,обуки итн.<br>Интервју, прашалници и анкети на учениците за степенот на демократско донесување на одлуки. |

| | | |
|---|---|---|
| | Училиштето е препознатливо по функционално уреденият училишен двор согласно сите еколошки стандарди. Но задниот дел од училишниот двор е запуштен поради што е потребна негова санација. Училиштето обезбедува здрави услови за работење и престој во училишната зграда. | |
| 2 | Училишната клима се одвива согласно Кодексот на однесување со поставени принципи и правила на однесување на сите структури во училиштето (раководен кадар, наставници, стручна служба, технички персонал, ученици и родители) и реагира редовно во случај на прекршување на принципите и правилата вградени во овој кодекс.<br>Кодексот беше донесен со одлука на Училишниот одбор и беше презентиран пред Советот на родители. Учениците се запознаваат со Кодексот на однесување на класните часови.<br>Во рамките на спроведените активности од програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем" училиштето има изработено и еко-кодекс во форма на стрип. Во изработката на еко-кодексот беа вклучени сите субјекти од училиштето т.е. наставниците, учениците и административната служба од училиштето.<br>Кодексот е истакнат на видни места во училниците, кабинетите, ходниците, спортските сали, а поставен е и на веб-страната на училиштето.<br>Еко-кодексот беше промовиран и со видео-клип, текстови објавени во печатени медиуми, а беше претставен и на обуката за координаторите на еко-проектот. | Кодекс на однесување<br>Правилник за однесување на учениците во Училиштето<br>Правилник за однесување на наставниците и родителите во Училиштето<br>Еко-кодекс (во училишните простории)<br>Извештај од спроведените активности од програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем" во архивата на еко-проектот на училиштето) |
| 3 | Релацијата наставник-ученик се заснова на почитување на личноста на ученикот, комуникација и координација со учениците, почитување на индивидуалните развојни карактеристики на учениците, развивање на нивните способности, воспитување и образование во духот на толеранцијата и почитување на културните, верските и половите разлики.<br><br>Во однос на застапеноста на учениците во посебни програми за реализација на проекти чиј носител е училиштето или некоја невладина | Записници од состаноци на стручните тиви<br>Записници од Наставнички совет<br>Дневници за работа на паралелките<br>Записници од инструктивно-педагошки надзор во училиштето |

| | | |
|---|---|---|
| | организација, се води грижа за застапеност на учениците од различно етничко потекло или од различен пол. Учениците имаат слобода на изразување, слобода на дијалог, односно се рамноправни во дијалогот со возрасните, посебно при реализација на програмите по проектните активности. На тој начин кај нив се развива способност или капацитет да делуваат за унапредување на своето образование, да дефинираат цели, да определат начини за остварување на целите. | Евидентни листови со успехот и поведението на учениците (кај класните раководители)<br>Записници од одржани родителски средби (во дневниците на паралелките)<br>Правилник за изрекување воспитно-педагошки мерки (на веб-страница на училиштето)<br>Записници од советодавни разговори во Педагошко-психолошката служба (доверливи податоци) |
| 4 | Училиштето има правила и процедури за справување во случај кога се прекршува Кодексот на однесувањето.<br>Училиштето соодветно го применува Правилникот за изрекување воспитно-педагошки мерки и води политика на навремено справување со евентуално несоодветно однесување на учениците и затоа не бележи тренд на исклучување на ученици од училиштето. Учениците преку ученичката заедница се вклучени во донесување одлуки од нивен интерес.<br>Кај одреден процент ученици повремено се појавуваат проблеми со дисциплината, редовноста и поведението.<br>- **во учебната 2019/20 год. нема отстранети ученици,**<br>- **во учебната 2020 /21 год. отстранети се 6 ученици.**<br><br>Училиштето постојано презема активности за решавање на ваквите проблеми.<br>Директорот, пом.директори и Педагошко-психолошката служба вршат инструктивно -педагошки надзор на часовите кај сите вработени, а посебно на оние часови каде почесто се присутни проблеми од ваков карактер. | Кодекс на однесување,<br><br>педагошка евиденција за изречените воспитно-педагошки мерки,<br><br>Статут на училиштето,<br><br>Куќен ред на училиштето<br><br>Правилник за однесување на учениците во Училиштето<br><br>Правилник за однесување на наставниците и родителите во Училиштето<br><br>Правилник за избор и прогласување на ученик на генерација |

| | | |
|---|---|---|
| | Со учениците кои вршат повреда на ученичките должности и одговорности, по потреба се води советодавен разговор од страна на училишниот психолог, во присуство на родител, класен раководител, по потреба предметен наставник или директор. На тие ученици им се изрекуваат соодветни воспитно-педагошки мерки според Упатството за изрекување на воспитно-педагошки мерки, во зависност од тежината на повредата на ученичките должности и одговорности. На ваквите ученици и на учениците со слаб успех со повеќе од три негативни оцени, соодветно им се намалува и поведението. Ако педагошката мерка позитивно влијае на однесувањето на ученикот, таа може да се укине, на крајот на учебната година, на наставнички совет. | Правилник за одржување на класен час (Програма за работа на класниот раководител)<br><br>Правилник за именување дежурни ученици<br>Кодекс за однесување на дежурни ученици<br>Правилник за изведување наставно-научна екскурзија<br>Реализирани советодавни разговори со ученици, родители и наставници |
| 5 | Училиштето има демократски формирана ученичка заедница, која учествува во донесувањето одлуки за сите прашања што се од непосреден интерес на учениците. Учениците навремено и целосно се информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи.<br>Училиштето донесува акти во кои постои јасно определен систем на права и одговорности, кој треба доследно да го применуваат сите вработени и учениците.<br>Повеќето вработени се грижат за висок квалитет во извршувањето на своите задачи. Резултатите од анкетата покажаа дека раководниот кадар и наставниот кадар имаат продуктивна, задоволувачка соработка.<br>Училиштето е отворено кон проекти и промени. Се спроведува воспитување и образование во духот на толеранцијата и почитување на културните, верските, половите разлики и разликите во индивидуалните способности на учениците.<br>Се почитува личноста на ученикот, постои добра комуникација и координација на релација наставник-ученик, ученик-ученик. Резултатите од анкетата покажаа дека учениците се задоволни од односот професор- | Правилник за работа на Ученичката заедница<br>Програма за работа на Ученичката заедница<br><br>Извештај од работата на Ученичката заедница<br><br>Анкета за испитување на степенот на заемно почитување и рамноправен однос<br><br>Извештај од спроведената анкета за испитување на степенот на заемно почитување и рамноправен однос меѓу учениците |

| | | |
|---|---|---|
| | ученик, од односот ученик-ученик. Вонредните ученици го ценат напорот на наставниците и го потврдуваат со 90% позитивни одговори.<br>Овие се аспектите што ги прават учениците и наставниците од обата пола да бидат горди на своето училиште.<br>Учениците се учесници во бројни настани во училиштето, но и во соработка со локалната заедница, во улога на организатори, водители на разни настани, помошници-обучувачи на ученици од основни училишта, креатори на поетски, прозни и ликовни дела од областа на екологијата, членови на неколкуте еко-патроли, дизајнери на веб страна на еко-проектот, фотографи, дизајнери на облека за еко-патролите, учесници во проекти против говор на омраза, креативни работилници при студиски посети во странство во рамки на Еразмус проекти и при посета на гости од Еразмус и сл. Учениците подготвуваа изложби, презентации, модни ревии, видео промотивни материјали, фотографии, училишни изданија, експерименти од областа на алтернативни извори на енергија, претстави, дебати, собираа хартија, рециклираа хартија, рециклираа џинс, изработуваа оригами, еко-постери, еко-графити и мурали, readymade производи, клупи, маси, го уредуваа училишниот двор, спроведуваа обуки за реставрирање на оштетени книги, подготвуваа и даваа изјави за медиумите, изработуваа еко-летоци на јазиците кои се изучуваат во училиштето, спроведуваа и учествуваа во еко-натпревари, садеа дрвја и цвеќиња во дворот на училиштето, изработуваа еко-знаци. | Извештај од реализирани активности во рамките на проектот за меѓуетничка интеграција<br><br>Извештаи од реализирани активности за работилници за мултикултурализам, почитување на правата, на различностите, меѓусебна толеранција<br><br>Извештај од спроведените активности од програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем”<br>Извештаи на Еко-клубот<br>Извештаи за работа на секциите<br>Извештаи за работа на Волонтерскиот клуб<br>Извештаи од реализација на активности во рамките на Еразмус проектите |
| **5.2. Промовирање на постигањата** | | |
| 6. | Училиштето за да ги промовира личните постигања на сите ученици, го поттикнува и наградува индивидуалното напредување во учењето на секој ученик.<br>За напредните ученици се организира додатна настава со цел учениците да ги реализираат своите потенцијали, а за учениците со слаби постигнувања се реализира дополнителна настава. | Годишна програма за работа на училиштето<br><br>Извештај за учество на учениците на меѓународни и државни натпревари<br>Критериуми за избор на првенец на генерација |

| | | |
|---|---|---|
| | Изработените ученички проекти, литературни читања и ликовните изложби на учениците, преку кои тие ги задоволуваат индивидуалните интереси и желби во одделни области и нивната индивидуална креативност согласно нивните способности, се презентираат преку фејсбук-страницата, веб-страната на училиштето, пред вработените, учениците, како и пред пошироката јавност низ низа посебни ТВ прилози за разни емисии и прилози за вести објавени на програмата на локалните телевизии и печатени медиуми.<br>Постигнат е огромен успех во информирањето и вклучувањето на пошироката заедница за реализацијата на Еразмус проектите и други проекти во соработка со локалната заедница. Секоја од активностите беше проследувана со некоја форма на информирање на јавноста и пошироката заедница преку:<br>➢ Објавени се постери, летоци, брошури, прирачници, информатори за промоција на училиштето во рамките на активностите од Еразмус проектите:<br>➢ Прирачник со графичка стручна терминологија македонско – англиски од Весна Мундишевска-Велјановска, јазична редакција Милица Д. Радевска (македонски јазик) и Јасмина Василевска (англиски јазик), уредник Г.Јордева во рамките на "АДОЛ – Уметноста и дизајнот во нашите животи" Еразмус проект<br>➢ Прирачник со текстилна стручна терминологија македонско-англиски од Анита Стефановска, графички дизајн на Весна Мундишевска-Велјановска, јазична редакција Милица Д. Радевска (македонски јазик) и Наташа Котевска (англиски јазик), уредник Г.Јордева во рамките на "АДОЛ – Уметноста и дизајнот во нашите животи" - Еразмус проект<br>➢ Објавени се 4 списанија, постери, летови, брошури во рамките на "АДОЛ – Уметноста и дизајнот во нашите животи" проектен тим Г.Јордева, Весна Мундишевска-Велјановска и Н.Котевска<br>➢ Објавено е училишното списание "Грст" | Промовирање на постигањата на учениците на фејсбук страницата, на веб-страната<br><br>Извештај на СОУ „Таки Даскало" за учебната 2019 / 2020, 2020/2021 г.<br><br>Извештаи од спроведените активности во Еразмус проектите:<br>"АДОЛ – Уметноста и дизајнот во нашите животи"<br>"По стапките на римските императори"<br>"Одржливо живеење – активни граѓани"<br>"Биди зелен"<br>Еразмус плус проект К2 "MOVIES"<br>„Движете се дигитално и бидете Европејци"- студиски посети во Аташехир- Турција<br>Сибиу- Романија<br><br>SELFIE- проект МОН, Европска фондација за обука при Европска Унија<br>-Еразмус плус проект "BUILD: BUILDing ties between EU and Enlargement Contries to trigger the VET system development and improvement"<br>-Еразмус плус проект "Healthy live, healthy kids, healthy future" |

| | | |
|---|---|---|
| | ➢ Списание во рамките на Еразмус проектот “По стапките на римските императори“ – проектен тим Г.Јордева, В.Мундишевска-Велјановска и Н.Котевска<br>➢ Списание во рамките на Еразмус проектот “Одржливо живеење – активни граѓани“ – проектен тим Г.Јордева, В.Мундишевска-Велјановска, Н.Котевска и В.Богојовска<br>➢ Објавување на печатени прилози за активностите на учениците:<br>• прилози објавени во „Битолски весник“,<br>• прилози објавени во печатените гласила „Воспитни крстопати“ и „Просветен работник“ од Скопје<br>➢ видео промоција: низа посебни ТВ прилози за разни емисии и прилози за вести објавени на програмата на локалната телевизији „ТВ ТЕРА“,<br>➢ веб-промоција, промоција преку социјални медиуми:<br>• поставување содржини за активностите на фејсбук-страницата на училиштето и веб страната<br>• посебни фејсбук-страници креирани за Еразмус проектите<br><br>➢ известувања и покани за соработка наменети за:<br>• учениците и вработените од СОУ „Таки Даскало“,<br>• основни и средни училишта од Битола и основни училишта од селата од општина Битола,<br>• средните училишта од Р.Македонија. | Збратимување со училиште од Истанбул, Турција<br><br>Еразмус проект “Гамификација на наставата - Job shadowing“<br><br>Прилози од објавени списанија, брошури, летоци, прирачници, постери<br><br>Извештаи за спроведени активности на секциите<br><br>Прилози од печатени медиуми,<br>Видео прилози од промоција во електронските медиуми<br>Прилози објавени на фејсбук-страницата на училиштето и на веб-страната |

| **5.3. Еднаквост и правичност** | | |
|---|---|---|
| 7. | Интересите на учениците имаат примарно значење и апсолутен приоритет при креирање на политиката на училиштето и при донесување на конкретни одлуки и преземање активности што се однесуваат на децата.<br>Наставниците ги користат максимално содржините од наставните програми за да ги промовираат еднаквоста и правичноста како вредности кон кои треба да се стремат учениците. Реализацијата на овие содржини овозможува наставниците да посветат поголемо внимание на воспитниот дел од наставата. Стручната служба преку реализација на своите програмски активности придонесува учениците да учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст.<br>Во рамките на училиштето се користат повеќе брошури со интересен, привлечен дизајн. Брошурите се однесуваат на правата и одговорностите на учениците, како и водич низ законите на Р. Македонија. Истите им се поделени на учениците. | Права и одговорности на ученикот во средното училиште<br><br>Водич низ законите на Р. Македонија – Во право си<br><br>Извештај за работата на стручната служба<br>Процедура и акционен план за почитување на правата на децата |
| 8. | Во рамките на проектот за меѓуетничка интеграција, презентира и промовира интеракција меѓу припадниците на различните етнички заедници, преку обезбедување присуство на сите етнички заедници во прикажувањето на секојдневните активности и случувања (користење на имињата и белезите на другите етнички заедници во контекст на објаснување на секојдневниот живот или како дел од секојдневниот живот) и тоа:<br>- Запознавање со историјата, културата и традицијата на „другите “ етнички заедници преку обезбедување присуство на содржини, ликови, слики и автори (и машки и женски) кои произлегуваат од различните етнички заедници или се однесуваат на нив ;<br>- организирање на заеднички настан “Мултиетничка кујна“ за презентација на националните јадења на секоја етничка заедница, на кој родителите и учениците приготвија национални јадења карактеристични за | Развивање на меѓуетничка соработка и разбивање на предрасудите помеѓу учениците во средните училишта.<br><br>Извештаи од реализирани активности во рамки на проектот за меѓуетничка интеграција МИО<br><br>Извештаи од реализирани активности за работилници за мултикултурализам, почитување на правата, на |

| | | |
|---|---|---|
| | секоја етничка заедница и беше организиран настан за учениците од основните училишта кои организирано дојдоа во СОУ “Таки Даскало“<br>- Прикажување на специфичностите на различните етнички заедници кои живеат во земјата, со нагласување на заедничките основи кои произлегуваат од меѓусебните влијанија и мешањето на културите во минатото и денес ;<br>- Нудење содржини и пристапи кои ќе го развиваат граѓанскиот и националниот идентитет кај припадниците на сите етнички заедници во земјата, наместо такви кои го негуваат етноцентризмот и се фокусираат исклучиво на етничкиот идентитет;<br>Активности за развивање на меѓуетничка соработка и разбивање на предрасудите помеѓу учениците во средните училишта, е одличен пример за реализирање на теоријата во пракса.<br>Училиштето спроведе воннаставни и вонучилишни активности (излети/екскурзии, посета на културни споменици и др.) во кои вклучија поголем број ученици и покажаа позитивни резултати во промовирање на меѓуетничка соработка.<br>Една од целите на Училиштето е развивање граѓанска свест кај учениците за припадност на државата и негување на нивниот национален и културен идентитет, во духот на почитување на луѓето без разлика на нивната социјална, културна, родова и верска припадност и физичките или менталните способности.<br>При запознавањето со минатото и културните традиции на македонскиот народ и минатото и културните традиции на заедниците, се подигнува граѓанската свест кај учениците за различностите на етничките заедници, што придонесува за поголемо взаемно почитување, поддршка и негување на традицијата за заеднички живот и градење на заедничка држава. | различностите, меѓусебна толеранција (Психолошко-педагошка служба)<br><br>Извештај од реализираниот проект – Воннаставни активности на училиштето со етнички мешан состав |

| **5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница** | | |
|---|---|---|
| 9. | Училиштето соработува со родителите е перманентно, транспарентно и јавно.<br>Родителите се поттикнуваат да се вклучат во образованието на своите деца и редовно се консултираат при донесување на Годишната програма за работа на училиштето, но и за сите други проблематики кои се од интерес на нивните деца.<br>Училиштето соработува со Советот на родители и со Одборите на родители, преку најразлични форми и практики.<br>Родителите преку своите делегирани претставници се непосредно вклучени во донесувањето на суштинските одлуки во однос на функционирањето на училиштето, одлуките за проекти, инфраструктурни зафати и сите прашања кои се однесуваат на прашањата од областа на подобрување на условите за учење и работа во училиштето. Со одлука на родителите за донирање на средства се реализира највисоката форма на соработка меѓу родителите и училиштето.<br>Родителите се членови во телата за одлучување на училиштето. Училиштето има постојани, организирани структури на родителите (со избрани претседатели, редовни средби, усвоени и реализирани годишни програми) и училиштето има изградено разбирливи, достапни и транспарентни процедури за учество на родителите во одлучувањето и решавањето на проблемите.<br>Училиштето овозможува учество на родителите во развојот, имплементацијата и мониторингот на годишните планови на училиштето. Училиштето дава информации на родителите за политиките, структурата, целите и процедурите во училиштето и редовно ги информира за новости во училиштето.<br>Родителите активно учествуваат во реализација на бројни училишни проекти и проекти од Еразмус програмата, во рамките на кои родителите се домаќини на ученици од партнер-земјите од Европа каде ученциите имаат можност да поминат една недела во наше семејство и да се запознаат со | Годишна програма на Советот на родители<br><br>Записници од одржани состаноци на Совет на родители<br><br>Деловник за работата на Советот на родители<br><br>Годишна програма на Одбор на родители<br><br>Записници од одржани состаноци на Одбор на родители<br><br>Извештаи за спроведени проектни активности од Еразмус проектите<br>Прилози во медиумите (печатени и електронски)<br>Прилози објавени на социјалните мрежи на фејсбук-страниците на проектите |

| | | |
|---|---|---|
| | нашите обичаи, традиции, култура и начин на живот. Исто така и нашите ученици имаат можност при студиските посети во партнер-земјите во Европа да престојуваат во семејства и да разменат искуства, да се запознаат со нивниот начин на живот, нивните културни традиции.<br>Активностите од Еразмус проектите и студиските размени на ученици и наставници активно се промовираат пред поширокаата заедница и медиумско презентирање, што овозможува промоција на училиштето не само во локалната заедница туку и на меѓународно ниво. | Прилози објавени на фејсбук-страницата на училиштето |
| 10. | Училиштето секогаш е отворено за соработка со локалната заедница и активно се вклучува во животот на локалните заедници со учество на сите настани во интерес на заедницата, а и работи на заеднички проекти.<br>Исто така и заедницата ни помага во подобрување на условите за работа, наставните и воннаставните активности. Наставниците по потреба при реализација на наставните цели поканууваат и родители за содржини кои се адекватни или на нивната стручност или на полето на нивниот ангажман.<br>Училиштето соработува и со невладиниот сектор и постојат добри практики во досегашната работа и ги оценуваме како исклучително важни.<br>Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница преку спроведувања на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата<br>Училиштето промовира волонтерско вклучување на учениците во активностите на заедницата. Заедницата се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето. Училиштето промовира и прифаќа вклучувања на волонтери од заедницата во наставните и воннаставните активности.<br>Училиштето остварува квалитетна соработка со деловната заедница. Постојат повеќе конкретни примери за успешна соработка и активно учество на вработените во проекти од интерес на заедницата. | Извештај за имплементирање на особеностите на локалната средина во наставните програми<br><br>Формулар за наставниците во рамките на активностите за интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставите помагала<br><br>Извештај за обработката на анкетата за наставниците во рамките на активностите за интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br><br>(Извештаите се доставени во првото подрачје) |

| | | |
|---|---|---|
| | Училиштето соработува и со невладиниот сектор, постојат добри практики во досегашната работа кои ги оценуваме како исклучително важни. | |

| **Силни страни и слабости на СОУ „Таки Даскало“ – Битола во подрачјето<br>Училишна клима и односи во училиштето** |
|---|
| |
| **СИЛНИ СТРАНИ** |
| • училиштето е препознатливо по високиот квалитетот на работа и постигањата на учениците во различни области, според реализираните проекти, меѓународната соработка на училиштето, освоените награди на учениците, признанијата кои ги освои училиштето, индивидуалните награди за просветен работник на годината од страна на наставниците, наградата “4 Ноември“ за 2019 година во областа на образованието ја доби психологот Марија Младеновска-Димитровска, заради нејзино учество со научен труд на Европскиот конгрес на психолози на Државниот Московски универзитет Ломоносов, во Москва, Русија, како и за објавени научни трудови на Харвард, во Бостон САД, и др. универзитети, професорката Весна Мундишевска-Велјановска добитник е на прва награда за песни на мајчин јазик на X меѓународен славјански конкурс за поетски преводи (Русија, 2017), награда за научно-образовен придонес во работата на Македонското научно друштво (Битола, 2018), награда „Бранувања“ за најдобра песна на IX$^{та}$ меѓународна манифестација „Струшки книжевни средби“ (Струга, 2019) и бројни други признанија, а објавила и повеќе збирки поезија, книжевни осврти и др.<br>✓ раководниот и наставниот кадар играат клучна улога во одржувањето на постојано поттикнувачка атмосфера во училиштето, што се гледа од ангажманот на учениците и наставниците во меѓународни проекти, натпревари, манифестации, трибини, јавни дебати ...<br>✓ родителите директно учествуваат во подобрувањето на условите за работа и учење во училиштето<br>✓ родителите директно учествуваат во промовирањето на соработката родители - училиште и добрите практики во оваа област<br>✓ учениците партиципираат во решавањето проблеми и донесувањето одлуки како активни учесници во реализација на седумте чекори и точките на акции од воспоставените еко-стандарди (еко-секција, еко-патрола и еко-одбор)<br>✓ во училиштето се усвоени и функционираат Кодекс на однесување, Правилници на однесување на наставници, родители и ученици |

- ✓ во училиштето постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето.
- ✓ учениците се совесни и соработуваат со кадарот и меѓусебно, го почитуваат Кодексот за однесување
- ✓ во училиштето е намален бројот на девијантни однесувања, како и процентот на изречените воспитно-педагошки мерки
- ✓ училиштето е препознатливо по функционално уреденият училишен двор согласно сите еколошки параметри
- ✓ училиштето обезбедува здрави услови за работење и престој во училишната зграда
- ✓ училиштето има донесено Еко-кодекс, истакнат на видно место, во кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето согласно содржините на еколошката програма. Во неговата изработка учествувале претставници на сите структури, а при неговото усвојување е спроведена демократска процедура со учество на претставници на сите структури
- ✓ учениците активно учествуваат во решавањето проблеми и донесувањето одлуки како членови во еко-секциите, еко-одборот и еко-патролите во реализација на седумте чекори и точките на акции од воспоставените еко-стандарди. Учениците се навремено и целосно информирани за сите активности од еколошката програма што се од нивен интерес
- ✓ училиштето континуирано ги промовира личните постигнувања на учениците преку медиумите (електронски и печатени) со учество во вести и емисии
- ✓ училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст
- ✓ училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родова, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во Р. Македонија, без оглед на која етничка група ù припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата.
- ✓ училиштето остварува квалитетна соработка со деловната заедница преку добро организирана практична настава и спроведување заеднички проекти поттикнати од двете страни
- ✓ училиштето има воспоставена активна и континуирана соработка со родителите, локалната и деловната заедница, невладиниот сектор и медиумите преку нивно известување, вклучување и реализирање на активностите од еколошката програма. Училиштето има претставници од родителите, локалната и деловната заедница, невладиниот сектор и медиумите во еко-одборот.

- ✓ завидни заложби на СОУ „Таки Даскало“ за професионално усовршување на наставниот кадар (учества на наставниците и стручните соработници на меѓународни стручни и научни конференции, конгреси, издавање трудови, издавање книги, објавување стручни трудови во педагошката литература во Р. Македонија, учества на наставниците на симпозиуми, конгреси, семинари, обуки и сл.),
- ✓ постојат повеќе конкретни примери за успешна соработка со невладиниот сектор и активно учество на вработените во проекти од интерес на заедницата, како и соработка со училишта на меѓународно ниво.

**СЛАБОСТИ**

- ✓ немање партнерско училиште во рамките на проектот “Меѓуетничка интеграција во образованието МИО“
- ✓ Недоволно финансиски средства за реализација на активности со поширокаата локална заедница
- ✓ недоволна вклученост на децата со посебни потреби во воннаставните активности.

**ПРИОРИТЕТИ од подрачјето кои можат да бидат вклучени во развојниот план на училиштето**

- возобновување на стручен билтен на наставниците “Разгледи “
- партнерство училиште - деловната заедница
- проекти за мултикултурна и мултиетничка толеранција
- наоѓање на партнер-училиште за реализација на заеднички активности во рамките на МИО проектот

| Ред бр. | Констатации | Извори на податоци |
|---|---|---|
| **6.1 Сместување и просторни капацитети** | | |
| 1 | Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава според Нормативите за изведување на настава. Во двата блока извршена е промена на покривната конструкција која прокиснуваше и на старата дограма со нова ПВЦ дограма. Двете училишни згради се поврзани со мост кој овозможува непречено движење на наставниците по различни временски услови, и извршена е и санација на фасадата на блок Б со што издатоците за огрев значително се намалија.<br>Наставата се одвива во две смени во **29** училници и **9** кабинети, две фискултурни сали и 7 други простории во кои настава изведуваат **46** паралелки т.е. **722** ученици. Наставата се изведува во соодветни и пријатни просторни услови за нејзино одвивање и за работа на наставниот кадар. Опремени се и кабинети за потребите на графичката, градежно-геодетската струка, текстилната, рударската и сообраќајната струка, кои имаат нагледни средства за изведување како на редовната, така и на практичната настава. Постојат и два кабинети по информатика, кабинет по физика, како и кабинет по хемија и биологија и кабинет за англиски јазик. Во ходниците на блок А преградени се помали простории во кои се изведува настава по изборните предмети, дополнителна и додатна настава.<br>Има посебна училница за работа со деца со посебни потреби, надарени и талентирани ученици<br>Сите овие простории овозможуваат изведување на мноштво воннаставни активности за учениците.<br>Сите простории по големина соодветствуваат на бројот на учениците во паралелките. | Нормативи за изведување на настава (кај помошници-директори)<br><br>Годишна програма за работа на училиштето<br><br>Непосреден увид<br><br>Увид во записници од просветна инспекција (кај секретарот на училиштето) |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | Училиштето има изработен план за распоред на паралелките по училници и распоред на часови кои соодветствува на овој план и организацискатa поставеност за изведување на наставниот процес.<br><br>Исто така, има изработено и план за просторна организација кој заедно со претходните документи овозможува максимално искористување на расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности со што ги задоволува потребите на учениците. И покрај ова, наставниците истакнуваат дека имаат потреба од повеќе кабинети и од посовремена опрема и нагледни средства. | Распоред на часови (во наставничките канцеларии и кај пом. директори)<br>План за распоред на училници (во двете наставнички канцеларии)<br>План за простор на СОУ „Таки Даскало“ на влезот во блок А<br><br>Извештаи за воннаставни активности (во педагошко-психолошката служба);<br>Интервју со наставниците |
| 3 | Во рамки на спроведувањето на еко-проектот реализирани се предвидените активности со планот, но и редица други со што се придонесе за подобрување на условите за работење и престој во училишната зграда и училишниот двор. Токму училишниот двор е еден од приоритетите во планот за акција на **ЕкоТД**. | План на активности на еко-проектот на СОУ „Таки Даскало“ – Битола<br>Програма за работа на Еко-клубот,<br>Програма за работа на еколошката секција |
| **6.2 Наставни средства и материјали** | | |
| 4 | Училиштето располага со разновидна стручна литература и наставни средства и помагала согласно со нормативите по сите наставни предмети. Со проектот на Министерството за образование за бесплатни учебници за секој ученик, учениците непречено ги користат учебниците и наставните помагала кои се одобрени од страна на Министерството за образование на Република Македонија. За таа цел стручните активи на барање на Министерството за образование доставуваат предлози за учебници и наставни помагала кои се покажале како квалитетни за изведување на наставниот процес. Се чувствува недостаток на литература за стручните предмети која се уште не е одобрена или излезена од печат. Дел од наставниците од СОУ „Таки Даскало“ – Битола се јавија како автори или коавтори на учебници и наставни помагала, особено во делот од стручното | Непосреден увид во документацијата на училиштето за набавување стручна литература и наставни помагала<br><br>Разговори со наставниците, стручната служба и директорот<br><br>Увид во библиотечната евиденција<br>Разговори со одговорното лице за библиотеката<br>Разговори со учениците |

| | | |
|---|---|---|
| | образование. Весна Мундишевска-Велјановска и Катерина Маурдева-Спасовска, од графичката струка се автори на учебник по предметот Основи на графичарство и сродни сектори за I година, Гордана Кожуваровска од сообраќајната струка е автор на учебник, Љупчо Поповски од рударската струка е исто така автор на учебник.<br>Обезбедена е стручна литература од областа на психологијата и работа со деца со посебни образовни потреби.<br>На почетокот од учебната година училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, материјали за практична работа, аудио-визуелна и ИКТ опрема, и континуирано ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови, односно бара извештаи и мислење од стручните активи .<br>Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и истите ефективно и ефикасно ги користат во наставата и во учењето.<br>Учењето и наставата се збогатени преку планирано користење на ИКТ технологијата, каде што има можности за тоа. Наставниците се почесто практикуваат наставниот материјал на учениците да им го покажуваат и да им го доставуваат во електронска форма, да користат современи програмски апликации за презентирање на наставниот материјал и за вежби, а дел од нив практикуваат и компјутерско тестирање. Со сето ова не само што се збогатува палетата на современи методи на наставна работа и оценување туку се добива и во квалитет на наставата. Истовремено се зголемува интересот на учениците за наставата, а и се заштедува на хартија, електронски се водат досиеја и се документираат изработените проекти на учениците и се добива на време. | Разговори со наставниците<br>Примерок од објавени учебници<br><br>Увид во документацијата за планирани и набавени потрошни материјали<br>Разговори со наставниците и учениците<br><br>Увид во интерните акти, полугодишниот и годишниот извештај, годишната програма<br><br>Записници од стручните активи (во педагошко-психолошката служба)<br><br>Увид во записниците од реализирани посети на наставни часови |
| 5 | Училиштето располага со една од најголемите училишни библиотеки која располага со повеќе од пет наслови на книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија и прописно ја води библиотечната евиденција. Училиштето е членка на Балканската асоцијација на библиотеки од 08.10.2010 година. Библиотеката е добро подредена и располага со компјутер и има пристап до Интернет.<br>Библиотеката е отворена за користење од страна на учениците во текот на целиот училишен ден, односно работи во двете смени и тоа претпладне | Увид во библиотечната евиденција<br><br>Разговори со одговорното лице за библиотеката<br><br>Разговори со учениците<br><br>Разговори со наставниците |

| | | |
|---|---|---|
| | од 8 до 13 часот и попладне од 13 до 19 часот. Учениците непречено можат да ја користат училишната библиотека и за реализација и изведување на воннаставните активности и за индивидуални потреби.<br>Наставниците и учениците од графичката струка секоја година во рамките на практичната настава ги реставрираат оштетените книги, а исто така се реализираат обуки за реставрација на книгите на ученици и училишни библиотеки од основните училишта.<br>Во училишната библиотека има посебен дел наменет за литература од областа на еколошкото образование и заштитата на животната средина. | Листа на литература од областа на еколошкото образование и заштита на животната средина |
| 6 | Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности, согласно со планот на училиштето. Во училиштето наставниците непречено можат да ги изработуваат наставните ливчиња, тестовите или да умножуваат материјал потребен за изведување на наставниот процес. | |
| **6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар** | | |
| 7 | Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес. Во учебната **2020/21 г.** училиштето има **128** вработени, од кои еден директор и двајца помошници директори, **98** наставници, 7 стручни соработници, а 17 се технички персонал и 3 административен кадар. Она што недостига е кадар обучен за работа со деца со посебни образовни потреби (дефектолог – специјален едукатор-рехабилитатор).<br>Сиот наставен кадар е во согласност со нормативите. Наставниот кадар е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата, согласно со потребите на учениците и училиштето во целина.<br>Административно-техничкиот персонал со своето совесно извршување на задачите и работните обврски ја надополнува и олеснува работата на | Увидот во досиејата на вработените<br><br>Увид во Правилникот за систематизација<br><br>Разговори со директорите, наставниците и техничкиот персонал<br><br>Годишната програма за работа на училиштето |

| | | |
|---|---|---|
| | наставниот кадар, а со тоа овозможува и успешно спроведување на воспитно-образовниот ппроцес. | |
| 8 | Наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето. Во училиштето функционираат **15** стручни активи во кои наставниците успешно работат како тимови.<br>При распределба на кадарот се земаат предвид квалитетите, искуството и експертизата на наставниците што придонесуваат за исполнување на целите на наставата. Во посебни прилики, училиштето овозможува и организира соработки во форма на гостувања, предавања и реализирање на обуки од страна на експерти во соодветната област кои ефективно работат со наставниот кадар од училиштето.<br>Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена. | Програми за работа на стручните активи и извештаи<br><br>Извештаи од нивната работа (во Педагошко-психолошката служба)<br><br>Годишна програма на училиштето<br>Програмата за соработка со локалната заедница<br>Програма за работа на Советот на родители |
| 9 | Училиштето има стручна служба која им помага на наставниците во организацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците.<br>Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка. | Програма за работа на стручната служба<br><br>Извештај за работа на стручната служба |
| **6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар** | | |
| 10 | Училиштето особено внимание посветува на идентификување на потребите на наставниците за професионален развој и има оригинален пристап кон спроведувањето на истиот. Притоа се тргнува од тоа дека квалитетниот наставник значи основа за обезбедување на квалитетна, но и основа за создавање на квалитетен кадар кој допрва ќе треба да го даде својот придонес кон развојот на локалната заедница и општеството во | Објавени трудови во зборници, ТВ прилози и училишни изданија (во училишната библиотека и на веб-страницата на училиштето) |

| | | |
|---|---|---|
| | насока на поквалитетни услови за развој и живеење. Во тој контекст, СОУ „Таки Даскало“ прави огромни заложби за професионалниот развој на наставниците како модел за поттикнување на нивното творечко делување и професионално усовршување. Имено:<br>• наставниците и стручните соработници учествуваат со свои трудови на стручни и научни конференции каде го промовираат училиштето, разменуваат искуства за воспитно-образовната практика;<br>• ги поддржува наставниците и стручните соработници за учество на симпозиуми, конгреси, научни конференции не само во Р.Македонија туку и во странство;<br>• ги поддржува наставниците да објавуваат стручни и научни трудови во педагошката литература;<br>• ги поддржува наставниците да учествуваат во проекти на МОН, БРО и ЦСОО (што се гледа од огромниот број авторства, коавторства на учебници и наставни помагала, учеството во рецензентски комисии, тимови за изработка на национални стандардизирани тестови, стандарди на занимања и сл.);<br>• наставниците од стручното образование учествуваа во изработка на програми за реформирано средно стручно образование и изработка на учебници и учебни помагала (тригодишно и четиригодишно)<br>• училиштето е вклучено и е носител на бројни меѓународни Еразмус плус проекти, преку кои се врши размена на искуства на наставници и ученици со многу европски земји како: Франција, Шпанија, Португалија, Германија, Италија, Турција, Бугарија, Полска, Чешка, Литванија, Романија, Финска, Норвешка, и др. Училиштето ги реализира следните Еразмус проекти: “По стапките на императорите“, “Постер арт“, “Уметноста и дизајнот во нашите животи“, “Биди зелен“, “Емпатија“, “Со пракса до перфекција“, “Европски проект за развој на училиштата“, “Заштита, подобрување, едукација и информирање за намалување на врсничкото насилство | Разговори со стручната служба, наставниците и со директорот<br><br>Преглед на професионалните досиеја на наставниците<br><br>Упатства и обрасци за спроведување на менторствата (приложени во првото подрачје) и примери од такви во планирањата на наставниците-ментори<br><br>Анкетите на училиштето за потребите од обуки на наставниците<br><br>Објавени стручни и научни трудови и сертификати за учество на обуки, семинари и проекти (во професионалните досиеја на наставниците)<br><br>Правилник за наградување на наставниците<br><br>Годишен извештај на училиштето<br>Професионални досиеја на наставниците (во Педагошко-психолошката служба)<br><br>Извештаи за реализирани проекти од Еразмус проектите – кординатори на Еразмус проектите<br>Гордана Јордева, Весна Јовановска, Кики Младенова, Даниела Митревска |

| | | |
|---|---|---|
| | во училиштата“, “Одржливо живеење – активни граѓани“, “„Движете се дигитално и бидете Европејци“,<br>• ги поттикнува наставниците и стручните соработници да следат обуки од разни области, како и да организираат обуки во училиштето;<br>• редовно ги спроведува менторствата на наставниците според изработена програма и упатства;<br>• организира меѓународни проекти во коишто наставниците можат да разменуваат искуства со колеги од други училишта и институции од Р. Македонија, но и од странство и сл.<br>Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот, а има и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот (има правилник за награди на учениците и наставниците и редовно на наставниците им издава потврди, сертификати и признанија за нивните ангажмани и за постигнатите резултати) што внесува ефективни иновации во работата.<br>Наставниот кадар има ажурирани портфолија за професионален развој.<br>Училиштето има назначено наставник-координатор на еколошката програма кој учествуваше на обуките на МОН и ОХО за професионален развој од еколошката програма. Истата обука ја посетија и директорот на училиштето и еден училишен психолог. Наставникот-координатор на еколошката програма веднаш после обуката изврши дисеминација на истата пред претседателите на стручните активи и одговорните за воннаставните активности. | Сертификати за учество на обуки (во професионалните досиеја на наставниците, стручните соработници)<br><br>Папка **ЕкоТД** со документацијата од проектот – записници од состаноци, обуки и сл.(во училишната библиотека) |

| 6.5 Финасиско работење во училиштето | | |
|---|---|---|
| 11 | Финансиско работење, што го спроведува училиштето, е во согласност со законските норми, иако изминатите години Училиштето работеше со блокирана сметка, од 2019 година сметката на училиштето е одблокирана. Раководниот кадар ги знае и разбира механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства. Во комисиите за јавни набавки задолжително има барем еден член од УО, така што се почитува принципот во комисиите за јавните набавки да учествуваат претставници од сите структури на УО. Училишниот одбор добива извештаи за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето, секогаш кога тоа е потребно, односно на барање на членовите на УО што се гледа од записниците од одржаните состаноци на УО на училиштето. Училишниот одбор редовно ги следи наменското трошење на буџетот со цел да добие соодветен увид во потрошените финансиски средства | Увид во финасискиотт план и годишната програма за работа.<br>Разговори со директорите, наставниците и членовите на УО<br>Записници и одлуки на УО<br>Склучени договори, тендери за јавни набавки, понуди и сл.<br>Записници од ревизијата и од УЈП. |

| | | |
|---|---|---|
| 12 | Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Одговорните лица редовно дискутираат за информации поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределувањето на финансиските средства. Раководниот кадар ги консултира сите вработени, кога тоа е потребно, и на соодветно ниво на деталност. Во тој однос на состаноците на Наставничкиот совет се изнесуваат информации за финансиското работење, односно за сите проекти кои значат и финансиска поддршка на работата на Училиштето, на крајот на фискалната година вработените ги информира за финансиското работење преку поднесување на извештај за финансиското работење. | Разговори со директорите, наставниците и членовите на УО<br><br>Разговори со членови на Советот на родители<br><br>Записници од Училишен одбор<br><br>Склучени договори и меморандуми за соработка |

| | | |
|---|---|---|
| | Буџетските приоритети се тесно поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето. Буџетот на Училиштето иако во изминатите години беше значително осиромашен и ограничен, односно Училиштето работеше со блокирана сметка освен сметката за плати на вработените, во 2019 година менаџерскиот тим направи напори и со поддршка на локалната самоуправа сметката на училиштето е одблокирана што овозможи ефикасно финансиско работење и подмирување на трошоците. Оттогаш училиштето ефикасно и ефективно работи и си функционира. | Потврди за донирани средства<br>Фактури<br>Извештаи за финансиското работење на училиштето<br>- финансиски план |

**Силни страни и слабости на СОУ „Таки Даскало“ – Битола во подрачјето**
**РЕСУРСИ**

**СИЛНИ СТРАНИ**

1. училиштето максимално ги искористува просторните капацитети за изведување на наставниот процес;
2. училиштето има јасен план и распоред за изведување на наставата и воннаставните активности
3. сите училници се опремени со нови училишни клупи соодветни за непречена работа со компјутери
4. во двете училишни згради е извршена е комплетна промена на покривната конструкција
5. во двете училишни згради е променета старата дограма со нова ПВЦ дограма и санирана фасадата на блок Б.
6. двете училишни згради се поврзани со мост кој овозможува непречено движење на наставниците по различни временски услови
7. во фаза на реализација е проектот за комплетно реновирање на двете спортски сали
8. во фаза на реализација е реновирањето и уредувањето на спортските терени и училишниот двор
9. училиштето располага со богата библиотека од 26.963 книги, од кои 5468 книга – стручна литература (10 нови наслови, 41 книга) и 21.495 уметничка литература (од кои 9 нови наслови, 13 книги), со што се задоволуваат потребите на наставниот процес; обезбедена е стручна литература од областа психологија и дефектологија за работа со деца со посебни потреби,

10. наставниците применуваат современи методи и техники со што се задоволуваат потребите за изведување на наставниот процес со примена на ИКТ во наставата таму каде што тоа условите го дозволуваат
11. училиштето планира и обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности, согласно донесениот план за јавни набавки на училиштето ;
12. училиштето вложува заложби за професионално усовршување на наставниот кадар успешно интегрирање на еколошката програма во реализацијата на редовната настава и воннаставните активности;
13. училиштето учествува во бројни меѓународни Еразмус плус проекти за размена на искуства и усовршување на наставници и ученици од многу европски земји како: Франција, Шпанија, Португалија, Германија, Италија, Турција, Бугарија, Полска, Чешка, Литванија, Романија, Финска, Норвешка, а и др.
14. училиштето на Седница на Органот на управување (Училишен одбор) и на седница на Совет на родители разгледува финансиски извештај за материјално-финасиското работење во претходната година, а исто така разгледува и усвојува предлог-финансиски план за наредната фискална година кој го доставува за разгледување и усвојување до Советот на Општината Битола
15. пресметката за финансиското работење на Училиштето јавно се истакнува на огласна табла до крајот на месец февруари во тековната година, заради транспарентност и подобра информираност на вработените
16. за приоритетите во распределувањето и наменското трошење на средствата соработува со Советот на родители, чии сугестии влијаат позитивно во донесување на правилни одлуки
17. раководниот кадар на училиштето прави завидни заложби за обезбедување финансиска поддршка за работата на училиштето, односно вклучување во проекти за меѓународна соработка, проекти со деловната заедница во насока на подобрување на финансиската состојба на Училиштето и обезбедување на наставни средства и помагала за поефикасно и поефективно изведување на наставниот процес.

**СЛАБОСТИ**

- Училиштето располага со стручна литература и наставни средства и помагала од областа на еколошкото образование и заштитата на животната средина, но не по сите наставни предмети;
- недостаток на литература (учебници, учебни помагала, списанија, стручни книги и сл.) за стручните предмети од сите струки во Училиштето;
- недостаток на стручен кадар (дефектолог) за работа со деца со посебни потреби.

| **ПРИОРИТЕТИ од подрачјето кои можат да бидат вклучени во развојниот план на училиштето** |
|---|
| • обезбедување на книги за зголемување на библиотечниот фонд<br>• изнаоѓање на партнери од бизнис секторот;<br>• разработување на производна практика во рамки на сите струки;<br>• вработување стручен кадар (дефектолог) за работа со деца со посебни потреби. |

| **Ред. бр.** | **Констатации** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|
| **7.1. Управување и раководење (креирање политика) со училиштето** | | |
| 1 | Со училиштето ефективно управува Училишниот одбор кој е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето на ден 19.02.2010 год. Надлежностите за управување се јасно дефинирани со деловник за работа на УО,<br>Најдоцна до 30 јануари, во тековната година, УО донесува Годишна програма за работа.<br>УО брои 12 члена од кои – 4 члена избрани од Наставничкиот совет, 3 члена од Советот на родители, 3 члена како претставници од Советот на Општината Битола, 1 претставник од Министерството за образование и наука и 1 претставник од Деловната заедница.<br>Одржани се 9 седници на кои присуствуваше мнозинство од членовите на Одборот.<br>Со информациите од работата на Училишниот одбор се запознаваат сите субјекти вклучени во воспитно - образовниот процес преку истакнување на записниците и одлуките од УО на огласна табла во наставничките канцеларии. | Записник од конституциона седница на УО.<br><br>Статут на Училиштето глава VI член 84 - 92<br><br>Деловник за работа на УО<br><br>Примерок од одлука и записник од УО истакнат на огласна табла |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| 2 | Раководниот орган има стратешка определба заснована на јасна визија која ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето.<br>Раководниот орган објективно ги оценува квалитетите на вработените и ја поттикнува тимската работа во училиштето.<br>Раководниот орган донесува одговорни одлуки за унапредување на работата на училиштето.<br>Раководниот орган има професионален однос кон работата, ефективно делегира одговорности, успешно комуницира и раководи со промените во образовниот систем. Дава иницијативи за воспоставување на партнерства со училишта од регионот и пошироко.<br>Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и пошироката заедница. Раководниот орган ги вклучува вработените во процесот на развој на политики, планирање и обезбедување на квалитет. | Годишна програма за работа на Училиштето.<br>Листи за оценувања на планирањата на наставниците.<br>Известување за формирање на тимови за работа (стручни активи, тим за самоевалуација, листа на одговорни наставници за слободни ученички активности)<br>Одлуки од УО.<br>Одлуки за именување одговорни лица за обуки, семинари, работа на проекти<br>Меморандуми за соработка |
| **1.2. Цели и креирање на училишна политика** | | |
| 3. | Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика и стратегии. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици. | Годишна програма за работа на училиштето , годишни програми за работа на стручните активи,<br><br>Анекси кон планирања на наставата |
| 4. | Вработените, родителите и учениците се запознати со целите, начелата и вредностите како и со начинот на нивното остварување и подобрување.<br>Вработените, родителите и учениците вклучени се во реализацијата на зацртаните цели, но постои постојано ангажирање од раководниот тим нивното учество да биде што поголемо и што посуштинско.<br>Училиштето ги мобилизира сите субјекти (наставниот кадар, учениците, локалната заедница) за остварување на целите.<br>Постигнатите цели имаат позитивно влијание врз работата на училиштето. | Записник од состанок на Советот на родители, Училишен одбор<br>Покани до претставници од совет на родители за присуство на стручна конференција, трибина од ЕКО-проект и сл. |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| 5. | Училиштето го почитува мислењето и на родителите и на учениците и се раководи од него во утврдувањето на приоритетите | Записници состаноци родители, ученици, УО |
| **1.3. Развојно планирање** | | |
| 6. | Целите на развојното планирање се прецизни и јасно ја отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивното реализирање вклучен се наставниците, учениците, родителите и претставници од локалната заедница.<br>Училиштето има акциони планови за поставените цели, доследно ги спроведува и има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите.<br><br>Училиштето ги почитува ставовите и ги информира наставниците, учениците, родителите и локалната заедница за поставените цели и динамиката на нивната реализација. | Развоен план на училиштето<br><br>Извештаи, весник, медиуми, состаноци |
| 7 | Училиштето ги идентификува потребите за стручно усовршување на наставниот кадар и има изготвено програма за стручно усовршување на наставниот кадар.<br><br>Од анализата на потребите за стручно усовршување на наставниот кадар произлезе и потреба за реализација на обуки за работа со ученици со посебни образовни потреби и вработување на стручен кадар за работа со тие деца<br>Во училиштето има систем на дисеминација на стекнатите искуства. | Анализа на потребите на наставниците за стручно усовршување<br><br>Извештај од спроведена дисеминација |
| 8 | Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и обезбедува. | План за јавни набавки<br><br>Финансиски план |

| | | |
|---|---|---|
| | Училиштето има кабинети кои располагаат со нагледни средства, меѓутоа дел од нив се нефункционални и се наложува потребата од доопремување на кабинетите за ефективно изведување на современа настава.<br><br>Училиштето планира и обезбедува средства за континуирано одржување на постојните надгледни средства. | Пописни листи, увид во опрема<br><br>Барања стручни активи, барања библиотека |
| 9 | Училиштето континуирано го ревидира планот за подобрување и осовремување на инфраструктурата и обезбедува сопствени средства од донатори за наменско инвестирање во истата.<br><br>Училиштето соработува со локалната самоуправа и заедница за подобрување на инфраструктурата во училиштето | Увид во инфраструктура<br><br>Одлука на претседателсвото на АМД „Ѓорѓи Наумов“-Битола ( генерално покровителство на финансирањето на Училишната сообраќајна единица)<br><br>Апликации за обезбедување на средства од локалната самоуправа или донатори |

**Силни страни и слабости на СОУ „Таки Даскало“ – Битола во подрачјето**
**Управување, раководење и креирање политика**

**СИЛНИ СТРАНИ**

- ✓ Училишниот одбор како орган на управување навремено донесува нормативни акти со кои се регулираат одделни подрачја од севкупното работење на Училиштето во извршувањето на воспитно-образовната дејност
- ✓ Училишниот одбор донесува одлуки за планско работење и рационална распределба на финасиските средства со цел да се подобри квалитетот на воспитно-образовната работа на Училиштето
- ✓ Училишниот одбор во рамките на своите надлежности, а по претходно спроведена постапка, и по извршената проценка на олеснителни околности, често со своја одлука ја ублажува најстрогата воспитно-педагошка мерка изречена кон ученикот со цел да се овозможи натамошно редовно школување на ученикот

- ✓ успешно раководење и управување и донесување на правилни одлуки е резултат на партнерскиот однос помеѓу раководниот кадар и органот на управување, а се во интерес на постигнување на зацртаните цели за развој на училиштето
- ✓ раководниот кадар има јасна визија за развој на училиштето во смисла да оспособува граѓани кои самостојно ќе мислат, одговорно ќе донесуваат одлуки, лесно соработуваат со другите и средината во која живеат и способни се сами да го планираат и градат својот натамошен развој
- ✓ водење на директорот и целиот раководен кадар е насочено кон унапредување на работата на училиштето
- ✓ директорот и раководниот кадар со својата работа ги поттикнуваат вработените на поголеми заложби во работењето
- ✓ училиштето, благодарение на работата на директорот и раководниот кадар се препознава како успешна воспитно – образовна заедница
- ✓ директорот им дава самостојност и полномошно на соработниците (останатиот раководен тим) преку пренесување на овластувања и одговорности во извршувањето на директорските работи
- ✓ органите на управување и раководење покажуваат иницијативност и истрајност во реализацијата на поставените цели со континуирано следење на сите позитивни и негативни случувања во текот на воспитно-образовната работа работа и сите промени кои перманентно се случуваат со цел навремено да се интервенира за нивно насочување во насока на позитивен развој на воспитно-образовниот процес
- ✓ за остварени резултати на наставниците во подготвување на ученици за натпревари по наставни предмети и воннаставни активности на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво, по предлог на органот на раководење, органот на управување има донесено Правилник за награди за успешно залагање и постигнување на завидни резултати на натпревари со ученици
- ✓ вработените, родителите и учениците навремено се информирани за одлуките на УО и други прашања кои се во интерес на унапредување на работата на училиштето
- ✓ училиштето има воспоставена соработка со локалната заедница при реализација на повеќе проекти од интерес на учениците и вработените (реализација на практичната настава, поддршка на издавачката дејност на училиштето, уредување и заштита на училишната околина),

- ✓ раководниот орган своето работење го заснова преку дејствувањето на тимови кои во текот на изминатата година меѓу другите активности работеа и на процесот на самоевалвација
- ✓ раководниот орган навремено ги информира вработените за промените во образовниот систем со цел благовремено да се подготват за истите да ја разберат суштината, целта која треба да се постигне и да преземат активности за реализација на истите (презентација и претставување на Годишната програма за работа пред Наставничкиот совет и Управниот одбор, презентација на измените на Законот за средно образование на Р. Македонија, поставување на сите важни информации, релевантни за работата на училиштето)
- ✓ раководниот кадар има јасни цели кои ја изразуваат образовната политика на државно ниво во насока на доближување до европските стандарди, во таа насока раководниот кадар остварува партнерски однос со средни училишта од Црна Гора, Бугарија, Босна и Херцеговина, Германија, Турција, Романија, Хрватска, Србија итн., како и бројни Еразмус плус проекти со училишта од многу европски земји како: Франција, Шпанија, Португалија, Германија, Италија, Турција, Бугарија, Полска, Чешка, Литванија, Романија, Финска, Норвешка и др.
- ✓ раководниот кадар го ревидира планот за подобрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето
- ✓ директорот обезбедува сопствени и средства од донатори за наменско инвестирање и покровителства
- ✓ раководниот кадар особено внимание посветува на промоцијата на работата на училиштето - МАРКЕТИНГ РЕКЛАМИРАЊЕ, СПОТОВИ, ПРОМОТИВНИ МАТЕРИЈАЛИ
- ✓ директорот и раководниот тим користат мониторинг и евалвација при донесувањето одлуки
- ✓ директорот и раководниот тим се одликуваат со добро водење на Училиштето, располагаат со потенцијал за иновација, култура на организација, визија и почитување

**СЛАБОСТИ**

- ✓ немање стручен кадар (дефектолог) за работа со ученици со посебни образовни потреби
- ✓ недоволни финансиски средства за подобрување на инфраструктурата на училиштето и подобрување на функционирање на воспитно-образовниот процес
- ✓ недоволни финансиски средства за опремување на кабинетите за практична настава

| **ПРИОРИТЕТИ од подрачјето кои можат да бидат вклучени во развојниот план на училиштето** |
|---|
| • санирање на спортските сали<br>• реконструкција на спортските терени и училишниот двор<br>• санирање на скалите во двете згради А и Б<br>• опремување на кабинети со современа наставна технологија<br>• подобрување на инфраструктурата во училиштето<br>• адаптирање на подрумските простории во функција на наставата<br>• вработување стручен кадар за работа со деца со посебни потреби. |

**Изготвил:**
**Тим за самоевалуација на СОУ “Таки Даскало“**
**Добре Босилковски, претседател**
**Даниела Митревска, заменик-претседател**
**Марија Младеновска-Димитровска, член**
**Весна Мундишевска-Велјановска,член**
**Милица Димитријевска-Радевска, член**
**Мирјана Гичевска,член**
**Владо Јоновски, член**

**31.12.2021 г.**

**Претседател на комисија за самоевалуација**
**Добре Босилковски**
_____